WFD

# Социо-политичко учество на младите во Северна Македонија

# Лет во место

Студија 2021



Western Balkans Democracy Initiative

Funded by UK Government

# Социо-политичко учество на младите во Северна Македонија

# Лет во место

Студија 2021



Проект: **Иницијатива за демократија на Западен Балкан**

Издавач: **Фондација за демократија на Вестминстер, Северна Македонија**
www.wfd.org

За издавачот: **Дона Костуранова,** директор во земјата за канцеларијата на Фондација за демократија на Вестминстер

Автор на анализата „Неизвесна младост во 30 години независност: **Анатомија на младиот човек во Северна Македонија“ Мартин Галевски**

Автори на анализата на телефонската анкета: **Тим Институт - Ивана Ивановиќ, Јелена Ќетковиќ Јанева**

Уредници: **Дамир Незири, Дона Костуранова, Мартин Галевски**

Графичко уредување: **Кома**

Година на издавање: **2022**

Подготовката на оваа анализа е поддржана од Иницијативата за демократија на Западен Балкан, програмата на Фондацијата за демократија на Вестминстер.
Содржината на оваа анализа не ги одразува ставовите или мислењата на Фондацијата.

# Содржина


006
Предговор

008
Клучни наоди

012
Анализа: Неизвесна младост во 30 години независност
Мартин Галевски

038
Наоди од телефонска анкета на репрезентативен примерок: Социо политичко учество на младите во Северна Македонија
ТИМ Институт

100
Перцепција и ставови на младите со сензорна и/или моторна попреченост за ситуацијата во земјата

104
Препораки

110
Библиографија




# ПРЕДГОВОР

„Лет во место“ е студија за социо-политичкото учество на младите во Северна Македонија, која прави преглед на состојбата со младинското политичко учество во 2021 година, а се надоврзува на студиите што Фондацијата за демократија на Вестминстер ги работеше во 2019 и 2020 година. Преку изработката на оваа студија, Фондацијата ги систематизира податоците кои ја отсликуваат моменталната состојба со младинската општествена вклученост и поставува мапа на итноста за адресирање на младинските потреби. Студијата во својот фокус ги има младинското учество, перцепциите за институциите, учеството на избори и во политички процеси, преку кои се може да се анализира директната демократска општествена вклученост и доверба.

И покрај досегашните вложени напори од страна на граѓанското општество и институциите, младите остануваат соочени со истите недостатоци кои низ годините им беа посочувани на креаторите на политики. Ставајќи ги младите во контекст на 30 години независност на државата, студијата нуди преглед на младинските перцепции за општествените текови, нивната позиција во општеството и погледите кон иднината. Сè уште недостасува поддршка младите да ги надминат предизвиците со кои се соочуваат и да се подобри нивното задоволство од сопствената позиција во општеството.

Заедно со перцепциите за политичкото учество, студијата ги истражува и толеранцијата и перцепциите за останатите општествени групи. Ова е една од ретките студии која ги вклучува перцепциите и ставовите на младите со сензорна и моторна попреченост на овие општествено значајни теми. Како и во студијата изработена во 2020 година, анализата го разгледува влијанието на КОВИД-19 кризата врз општествените текови кои влијаат на можности на младите.

Во услови на економска, здравствена и политичка криза, во отсуство на стратешки документи кои би гарантирале унапредување на младинската позиција во Северна Македонија и нецелосна имплементација на Законот за младинско учество и младински политики, исклучително е важно младите да бидат високо на листата на општествени приоритети. Со цел да даде поддршка за решавање на овие предизвици, истражувањето нуди препораки до националните власти, Собранието на Република Северна Македонија, образовните институции, локалните самоуправи, младинските организации, политичките партии и медиумите.

Фондацијата за демократија на Вестминстер изразува благодарност на Мартин Галевски за посветеноста во изработката оваа анализа, како и на ТИМ институт за прибирањето и обработката на податоците. Фондацијата се заблагодарува на Британската влада и Амбасадата на Обединетото кралство на Велика Британија и Северна Ирска во Скопје, чија поддршка беше суштествена за изработката на студијата.

Дона Костуранова,

Директор во земјата на Фондацијата за демократија на Вестминстер




# КЛУЧНИ НАОДИ

**Постои зголемен песимизам кај младите за општествените текови во земјата**

- 16 % од младите луѓе сметаат дека работите во земјата се движат во правилна насока, додека речиси половина сметаат дека насоката во која се движи земјата е погрешна.
- Во споредба со 2019 (31 %) и 2020 (24 %), помал процент на млади луѓе сметаат дека земјата се движи во правилна насока (16 % во 2021), за сметка на оние кои веруваат дека работите во земјата се движат во погрешна насока и чиј процент бележи зголемување (24 % во 2019, 35 % во 2020, 45 % во 2021).
- 3 од 10 млади луѓе сметаат дека за 5 години од денес државата ќе биде многу или делумно подобро место за живеење на младите.
- Повеќе од една третина од младите се целосно или прилично задоволни со своето место во општеството додека 6 од 10 млади луѓе се делумно или целосно незадоволни од своето место во општеството.
- 45 % од испитаниците истакнуваат дека нашата земја е на патот кон Европската Унија и дека таа ќе стане членка, додека една третина изразуваат песимизам и сметаат дека нашата држава никогаш нема да стане членка на ЕУ.
- Една третина од младите сметаат дека сме подалеку до влезот во ЕУ во однос на ова време минатата година.
- Повеќе од половина од младите луѓе (57 %) ретко или никогаш не ги следат и не се заинтересирани за политичките настани и случувања во земјата.

**Нема значајни промени во бројот на млади кои сакаат да ја напуштат земјата**

- Речиси 6 од 10 млади лица би се иселиле од државата доколку имаат можност, додека околу 29 % не би се иселиле. Доколку одлучат да си заминат од државата, единствено 8 % од младите изјавиле дека со сигурност би се вратиле во земјата.

**Континуирано ниска доверба во институциите и перцепција за мало лично влијание врз работата на властите**

- 13 % од младите луѓе во земјата сметаат дека властите целосно или прилично се грижат за нив и нивните проблеми, додека 8 од

10 млади луѓе сметаат дека властите делумно или воопшто не се грижат за нив и нивните потреби (зголемување од 10 процентни поени од декември 2020, кај одговорите „воопшто не се грижат").

- 7 од 10 млади луѓе сметаат дека властите делумно или воопшто не се запознаени со потребите и проблемите на младите луѓе. Се бележи зголемување на процентот млади луѓе кои сметаат дека властите „воопшто не се запознаени", од 6 процентни поени од декември 2020.
- Кај ниту една институција не се забележува ниво на доверба со средна оцена над 3 за нивната работа во интерес на младите. Највисоки оцени во однос на сите 11 испитани институции/организации, бележат образовните институции (2,50) и студентските и средношколски тела (2,45). Најниски оцени младите даваат на Собранието (1,96) и политичките партии (1,97) за нивната работа во интерес на младите.
- Речиси 8 од 10 млади луѓе сметаат дека воопшто не можат да влијаат врз тоа што и како работат властите.

**Ниско граѓанско учество на младите во општеството**

- 7 од 10 млади се опишуваат себеси како главно или воопшто неактивни граѓани наспроти една четвртина од испитаниците кои себеси главно се идентификуваат како активни во општеството (намалување од 3 процентни поени од декември 2020).
- Три четвртини од младите луѓе досега не биле вклучени или консултирани од институциите при носење на одлуки (зголемување на 6 процентни поени од декември 2020).
- Иницијативност поврзана со преземањето на активности за решавање на одреден општествен проблем се забележува кај половина од младите луѓе. Од нив, постојано со позитивна разрешница се соочувале 5 % од испитаниците, 23 % често успевале да го решат проблемот, 51 % ретко имале успех и 19 % никогаш не успеале да го решат проблемот за кој се активирале.

**Ризик од помала вклученост на младите луѓе во изборите**

- Половина од младите (52 %) изјавиле дека редовно гласаат на сите избори во нашата земја, четвртина од нив (25 %) изјавиле дека само понекогаш го исполнуваат ова граѓанско право. Мотивираноста на младите да излезат и да гласаат на изборите се намалила за околу 12 процентни поени од декември 2020 година.

- Речиси една петтина од младите сметаат дека актуелната Влада е доволно посветена на решавањето на проблемите на младите. Сепак, 7 од 10 млади луѓе не се согласуваат со овој став.

**Младите делумно незадоволни од начинот на справување со КОВИД-19 кризата**

- Најнегативно погодени аспекти од КОВИД-19 кризата за речиси четвртина млади луѓе се: дружењето и врските, културно-забавниот живот и добросостојбата на семејството. Потешкотии во менталното здравје пријавиле 11 % од испитаниците.
- Речиси половина од младите (46 %) не се задоволни од работата на државните институции во справувањето со кризата.
- Речиси половина од младите сметаат дека ситуацијата со пандемијата ќе продолжи уште долго, додека нешто помалку од една петтина сметаат дека најлошото допрва доаѓа.
- Заштитата на сопственото и здравјето на семејството и блиските, е најважната причина заради која младите одлучиле да ја примат вакцината против КОВИД-19. Четвртина од младите кои не се вакцинирале, истото не го сториле заради убеденоста дека вирусот ќе го прележат без последици.



Анализа на Мартин Галевски

# НЕИЗВЕСНА МЛАДОСТ ВО 30 ГОДИНИ НЕЗАВИСНОСТ АНАТОМИЈА НА МЛАДИОТ ЧОВЕК ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Во Северна Македонија, младите на возраст од 15 до 29 години сочинуваат речиси една шестина од населението. Но, „младоста" не се дефинира само според возраста. Дефинициите за младоста засновани на возраст често се во тензија со перспективите на општествените околности за тоа кој се класифицира како „млад" или „возрасен" (Обединети нации, 2013).

Во социјална смисла, транзицијата од младост кон зрелоста често се дефинира со општествени маркери како економската независност. Овој тип на зрелост е недостижен за мнозинството млади во Северна Македонија до 29 години, што доведува до феноменот на т.н. „продолжена младост" или задоцнета транзиција пред тие да преминат во осамостојување како возрасни. Според податоците од Еуростат за 2017 година, Северна Македонија е на прво место во Европа според процентот на млади што живеат со своите родители (82.9 %), а како најчеста причина за неможноста за осамостојување се издвојува неповолната финансиска ситуација (Еуростат, 2018). Младите кај нас се исклучени и од другите полиња кои се поврзуваат со зрелоста, како што е политичкото учество во формалната политика (види Галевски и Ѓорѓиовска, 2020). Затоа, во оваа студија, како и во претходните две, усвоивме поширока дефиниција под која се подразбираат како млади оние помеѓу 15 и 35 години.

Генерацијата на млади кои сега привршуваат 30 години се родени и израснати во независноста и нивниот целокупен младешки циклус е под силно влијание на овој период. Доколку ја следиме официјалната дефиниција за млад човек прифатена од државата (15-29 години), тогаш може да се каже дека веќе ја имаме „израснато" и првата генерација млади кои започнуваат да транзитираат кон подоцнежни фази од животот. Во оваа смисла, јубилејот на 30 години државна независност се поклопува со процесот на исчекорување надвор од младоста на цела една генерација родена во 1991 година.

Во светло на ова, воведниот дел на оваа трета по ред студија за социо-политичкото учество на младите спроведена од страна на ВФД настојува да даде увид во *анатомијата* на младиот човек во Северна Македонија, односно да ги разгледа дел од клучните особености кои ги карактеризираат перцепциите на младите и структурните обележја на поширокиот контекст во кој живеат.

Без претензии на целосно или потполно идентификување на сите предизвици со кои се соочуваат младите, овој вовед дава осврт на моменталната положба на младите по 30 изминати години независна држава. За жал, малиот број на истражувања во ова подрачје во првата и

втората декада од независноста не спречуваат да понудиме историски осврт[1] на промените на младите во нивните ставови, иако во одредени секции од воведот има делумен обиди и за тоа, во случаи каде постојат претходни емпириски сознанија на темата.

Се надеваме дека во иднина, трите последователни истражувања (2019, 2020 и 2021) на тема млади спроведени од страна на Вестминстер фондација за демократија (ВФД), ќе овозможат појасен увид за социо-политичката позиција на младите и нивниот систем на вредности за временскиот период кои истражувањата го опфаќаат.

## *Младите и политиката: и со гласање безгласни*

Истражувачите од областа на политичките науки се согласни дека без значително политичко учество на граѓаните не може да се зборува за постоење на демократски поредок (Tilly, 2007; O'Donnell, 2010). Учеството е особено важно за младите, бидејќи тоа им овозможува да развијат свест за демократските вредности и формите за политичко дејствување, како и можност да влијаат врз општествените текови. Во рамките на Европската Унија (ЕУ), „учеството во демократскиот живот" се смета за основно право признаено во член 10.3 од Лисабонскиот договор (2009), а поконкретно за младите, истиот договор ја нагласува важноста на „поттикнување на учеството на младите во демократскиот живот" (член 165). Кај дел од земјите во ЕУ постои и напор за проширување на младинското учество преку симнување на возрасниот праг на гласање за одредени избори (пример Австрија, Малта, Естонија, Германија и други).

Истражувањата кај нас покажуваат дека повеќето млади луѓе се држат подалеку од политиката. Не зборуваат за политичките случувања и не се информираат, ниту пак се задоволни од вклученоста во системот и од начинот на кои се консултирани за важни одлуки, но сепак, како своевиден парадокс во огромен број гласаат (Галевски, 2019). Со други зборови, впечатокот е дека сеприсутната разочараност од политиката, цинизмот кон политичарите и ниското ниво на доверба на младите во работата на јавните институции не ги обесхрабрува да гласаат. Дури и малиот број на млади на изборните листи (Галевски и Ѓоргиевска, 2020) повторно не ги одвлекува од гласање.

Според претходните две истражувања спроведени од страна на ВФД (Галевски, 2019 и Ѓорѓиовска и Галевски, 2020), а потврдено и во истра-

1 Поопсежен историски осврт на позицијата на младите е присутен во првата студија за млади на ВФД, види Галевски (2019).

жувањето кое следи во натамошниот текст, прилично стабилен процент од околу 80 % од младите секогаш или понекогаш гласаат. Овие наоди се во спротивност со мислењата кои често циркулираат во јавниот дискурс според кои повеќето млади не гласаат. Делумно, ваквиот податок го демистифицира и митот за целосна апатичноста и аполитичност на младите, што не значи дека треба да се занемари фактот дека има доста млади луѓе кои се главно неактивни во однос на различните форми на социо-политичко учество надвор од изборниот процес. Но и во овие случаи, важно е да се спомене дека причините за негативните ставови на младите кон политиката и нивното неучество во општествените процеси се комплексни и не може да се сведат само на апатија, туку мора да се стават и во контекст на системскиот неуспех на институциите да го олеснат учеството на младите во демократскиот живот и да ги застапуваат нивните грижи и интереси на соодветен начин.

Огромниот број на млади во Северна Македонија кои се изјаснуваат како редовни гласачи е своевиден куриозитет во споредба со процентите на излезност на младите во повеќето земји од Западен Балкан и земјите од ЕУ каде ваквиот афинитет кај младите драстично опаѓа. За разлика од овие земји каде младите се во срцето на она што некои набљудувачи го сметаат за „криза на претставничката демократија“ (Hay, 2007), кај нас имајќи го предвид високиот процент на млади кои гласаат, може да се каже дека голем дел од нив имаат значајна улога во легитимирање на владеењето на претставничката демократија. Во однос на причините за тоа зошто младите кај нас во голема мера претпочитаат традиционална политичка активација, односно изразување волја главно преку гласање на избори, иако е тешко да се дојде до дефинитивен одговор без подлабинска анализа, може да се претпостави дека токму недостапноста на други форми на политичко изразување вон и во рамки на институциите доведува до овој феномен.

Од друга страна, надвор од гласањето на избори како традиционален облик на политичко учество, младите покажуваат загрижувачки низок степен на социо-политички ангажман. Во претходните истражувањата спроведени од ВФД, помалку од 10 % од младите се изјаснуваат како општествено активни, што укажува дека потенцијалот за граѓански активизам кај младите не е целосно развиен. Дополнително, постои и ниска заинтересираност за учество во протести и активности од општествен карактер. Овој ограничен ангажман одговара на потчинетиот тип на идеален демократски граѓанин (Almond и Verba, 1963), што подразбира дека елитите ги одредуваат формите на политичко учество, додека од граѓаните не се очекува активна улога во демократијата во периодот

меѓу изборите. Затоа и младинските прашања и интереси имаат тенденција да доаѓаат до израз само за време на изборните кампањи, а потоа брзо се повлекуваат во втор план откако изборите се завршени. Слично, анализата на политичките програми на партиите покажува дека младите во најголем дел од случаите се третирани како објекти, приматели на политиката, а не како активни субјекти во нејзината подготовка и реализација (Галевски и Ѓоргиевска, 2020).

Ваквиот пристап создава впечаток дека младите и со чинот на гласање остануваат безгласни. Јасен увид во оваа даваат и студиите за млади на ВФД кои укажуваат на високиот процент на млади кои сметаат дека властите ниту се грижат, ниту пак се запознаени со нивните потреби – а и во многу мал дел ги решаваат нивните проблеми. Според наодите, загрижувачки е и тоа што голем дел од младите во Северна Македонија веруваат дека не можат да имаат влијание врз начинот на работа на властите, а најголем дел од нив никогаш не биле консултирани од властите.

Но, дали ваквата слика е целосно негативна? Некои политички научници тврдат дека растот на недовербата во државата и политиката е всушност позитивен сигнал кој всушност дава слика за граѓанин кој е критички настроен и кој дава пореален увид во стварноста (Norris, 2002). Во исто време, некои автори од областа на политичките науки се скептични дека ваквите ставови може да донесат до зголемен активизам поради начинот на кој политичките системи го стеснуваат чувството за тоа што е возможно (Hay, 2007).

## *Политики за млади: големи очекувања, а мали поместувања*

Гледајќи ја институционална структура на младински политики во државата, еден од главните документи кој ја регулира оваа дејност е Законот за младинско учество и младински политики (скратено Закон за млади), кој беше усвоен од Собранието на Република Северна Македонија на 4 јануари 2020 година. Иако овој закон е релативно нов, неговото носење е своевидно продолжување на процесот кој беше прекинат во 2011 година, кога по многу реакции од граѓанскиот сектор, а особено од младинските организации, тогашната Влада одлучи да го повлече од Собранието.

За разлика од првичниот предлог-закон пред една деценија, процесот на креирање на Законот за млади кој е денес во сила, беше бази-

ран на принципот на учество и создаден во рамки на консултации со младинските организации, политичките подмладоци и институциите за млади. Со носењето на Законот за млади, за првпат кај нас, се артикулираа, барем како предмет на легислативно уредување, формите на младински организирање, учеството на младите во процесот на креирање младински политики и донесувањето одлуки кои се однесуваат на нив.

Точно две години по неговото усвојување, како може да се оцени примената на Законот за млади? Иако законското решение е сè уште „младо", сепак може да се издвојат неколку првични впечатоци во однос на неговото функционирање. Генерално, на донесеното законско решение може да се гледа како позитивна промена за воведување на системска грижа на државата за младите. Во овој контекст во младинскиот граѓански сектор, се чини дека постојат високи очекувања за промените кои овој закон може да ги направи. Самиот закон е, исто така, на линија на принципите за младински политики на Советот на Европа и не отстапува од позитивните практики на уредување на младинско учество во земјите од ЕУ – што претставува добра основа за целиот систем на младински политики.

На национално ниво, некои од главните елементи кои законот ги предвидува е формирање на Национално собрание на млади, Национално советодавно тело за младински политики, Регистар на форми на младинско организирање и воспоставување на Истражувачки центар во рамки на Агенцијата за млади и спорт. Во поглед на нивната имплементација, две години по донесувањето на законот, дел од овие законските решенија не се имплементирани, а дел се веќе делумно започнати. Националното собрание на млади до сега не е воспоставено, информацијата за формирање на Националното советодавно тело за младински политики беше усвоена од Владата во јули 2021 година, но телото сè уште не е функционално, Регистарот за младински организации постои, но само мал број на организации се впишани во регистарот при што забележани се и низа недоследности при разгледување на апликациите од страна на АМС (НМСМ, 2021), а формирањето на Истражувачки центар за млади доцни (законот предвидува негово формирање до јануари 2021 година).

На локално ниво, законот предвидува формирање на локални младински совети кои требаше да бидат воспоставени во рок од една година од стапувањето на законот во сила, но помалку од една четвртина од вкупно 80 општини го имаат запазено овој рок. Дополнително, законот предвидува создавање младински центри во секоја општина во рок од пет години од донесување на законот. По точно две години од стапу-

вањето на сила на законот, според достапните информации, пет општини (Куманово, Кавадарци, Гостивар, Велес и Општина Центар во Скопје) имаат отворено вакви центри, а во Охрид ваквиот центар е во фаза на отворање. Во Законот е предвидено и воспоставување на службеник за млади во сите органи на државната управа, како и во општините, чијашто функција е координирање, спроведување и следење на прашања од интерес на младите. Оваа одредба од законот е во најголем дел испочитувана, но листата на службеници за млади која беше првично достапна на веб-страницата на Агенцијата за млади и спорт, не е повеќе во функција.

Според прикажаното, кај дел од општините очигледно постои недостаток на мотивација за вклучување на младите, но веројатно недостасува и минато искуство со политики за млади. Дури и кога локалните власти сакаат да ги поддржат младинските иницијативи, ограничените финансиски ресурси и недостатокот на технички капацитет за спроведување на стратешки и оперативни документи од областа на младинската политика создаваат бариери. Во исто време и младите кои учествуваат во телата за одлучување не им се нуди доволно поддршка преку која тие ќе стекнат вештини да ги формираат и артикулираат своите политички ставови и да се запознаат со начините на кои политичките институции и политиката функционираат.

Треба да се забележи и дека една од главните слабости на законот е што се работи за т.н. „мек" тип на закон кој не предвидува казнени одредби за неисполнување на дефинираните цели, што фрла сенка врз големите очекувања од самиот закон. Она што дополнително го намалува капацитетот за спроведување на законот се ниските одвојувања од државниот буџет (најмалку 0,3 % на годишно ниво) и од буџетите на општините (најмалку 0,1 % на годишно ниво). Следните истражувања поврзани со Законот за млади треба да дадат увид и во тоа колку овие одвојувања се почитуваат во пракса. Дополнителна ограничувачка околност е што самиот закон и пристапува на младата популација како монолитна категорија, а со тоа изостава дискусија за хетерогените потреби на различните категории млади кои може значајно да се разликуваат. На пример, веројатно е дека проблемите на малолетните млади (15-17 години) значајно се разликуваат од оние на возраст од 25-29 години.

Следствено, се отвора и прашањето како да се надминат целокупниот сет предизвици поврзани со учеството на младите во политичките процеси. Како што посочува Zentner (2011), не е доволно само да бидат воспоставени структурите за да се овозможи учество на младите, туку, исто така, креаторите на политики, треба да ги слушаат и искрено да

ги сфатат грижите на младите луѓе и нивните желби во предвид. Оттука, премостувањето на постојниот јаз помеѓу младите и политиката кај нас ќе бара преориентирање од декларативни кон вистински заложби за исполнување на долгорочните потребни на цела една генерација на млади.

## *Политички капитал кај младите: отсуство на(место) учество*

Во актуелниот состав на парламентот на Северна Македонија, во моментот на пишување на оваа анализа, има само четири пратеници кои влегуваат во формалната дефиниција за млади, односно се помлади од 29 години (Галевски и Ѓорѓиовска, 2020). Процентуално, тоа значи дека само 3 % од целиот пратенички состав е составен од млади. Како за споредба, во Република Србија овој број е 8,8 % (КОМС, 2021). Сепак, за поздравување е тоа што во Собранието веќе два парламентарни мандати функционира пратенички Клуб за младински прашања и политики, во кој во актуелниот состав членуваат 10 пратеници до 35 години (според правилникот на клубот,  во клубот може да членуваат пратеници до 35 години или пратеници со интерес за младински прашања). На локално ниво, според резултатите од последните локални избори одржани во октомври 2021 година, само 3 % од кандидатите за градоначалници беа млади, за разлика од избраните советници каде бројот на млади е значително поголем и изнесува 17,4 % (Ѓорѓиовска и Малевски, 2022).

Едно можно решение за овој проблем е воведување на задолжителни младински квоти во парламентот или на локално ниво со кој би се поттикнала колективната застапеност на младите. Поголемата вклученост на младите во парламентот и општините, исто така, може да ги направи политичките институции по инклузивни и да ја зајакне демократизацијата (UNDP, 2013). Но, важно е да се спомене дека воведувањето на младинските квоти треба да биде придружена со промена на политичката култура на партиите во Северна Македонија.

Студиите за политичкото учество на младите спроведени во други земји, особено во кревки демократии, укажуваат на ризиците кои постојат од механичко зголемување на уделот на партиципацијата на младите, на пример, преку зголемување на квотите. Ако доминацијата на „старешините“ не се искорени, тогаш младинските квоти ќе служат само како механизам за кооптирање и токенизација на младинскиот глас, што беше случај со земјите од арапскиот свет по арапската пролет (Belschner, 2021). При ваков исход, кај самите млади може да се поја-

ви дополнително оградување од партиципација во институционалните форми на политички ангажман.

Окрупнувањето на политичките подмладоци само по себе, исто така, се чини дека не води до решение. Начинот на кои долги години функционираат политичките подмладоци на партиите во Северна Македонија укажува дека во многу наврати тие се користат како мобилизирачка сила за партиските интереси, а не како група која ги застапува интересите на нивните врсници. Следствено, се оддава впечаток дека младите се тука да помогнат постарите членови на партијата подобро да се позиционираат при што од нив се очекува да бидат „кампањски машинерија" без сопствено мислење. Сепак, во последните неколку години одредени партиски субјекти прават напори за реорганизација на младинските структури како места кои ќе им овозможат на младите да создаваат и спроведуваат свои програми, но и да имаат поголемо влијание во креирањето на општата програма.

Во дискусијата за тоа како да се премости постојниот јаз помеѓу младите и политиката, а со тоа да се зајакне и политичкиот капитал кај младите, се поставува и прашањето кој има право да зборува во име на младите во процесот на носење одлуки. Во рамки на ЕУ, како и кај нас, застапувањето на интересите на младите најчесто се одвива преку младинските организации, а поретко преку претставници на т.н. неорганизирана младина, односно млади кои не се дел од никакви формални здруженија. Критиката кон првите е дека тие користат жаргон кој не соодветствува со речникот на просечниот млад човек и често се обвинети, дека повеќе се грижат за сопствениот опстанок како организации отколку за интересите на младите. Впрочем, ако критички ја разгледаме структурата на Законот за млади, може да се каже дека истиот е повеќе наменет за младинските организации, а помалку директно кон општата популација на младина. Од друга страна, вклучувањето на неорганизираната млади отвара други дилеми во однос на репрезентативноста и начинот на кој тие млади ќе бидат селектирани.

Најдобриот начин за вклучување на автентични претставници на млади во политичките процеси е прашање за кое не постои дефинитивен одговор. Искуствата на глобално ниво, а особено на ниво на ЕУ, покажуваат дека успехот може во голем дел да зависи од постоењето на силни сојузи помеѓу младинските организации. Затоа е од исклучителна важност да се зајакне човечкиот, оперативниот и финансиски капацитет на сегментите од граѓанското општество кои работат за и со млади, а Владата да ја олесни и зајакне слободата на здружување.

Во рамки на Европската комисија, главно средство за консултирање и вклучување на младите луѓе во процесот на креирање на политики е таканаречениот Структурен дијалог. Сличен обид постоеше и кај нас. Во март 2018-та година, како позитивен чекор, Владата одржа тематска седница посветена на политиките за млади, меѓутоа, оттогаш немало последователни седници и ваквата практика не е институционализирана, што ги става под знак прашалник отвореноста и искрените напорите на демократските институции да се консултираат со младите и нивните претставници.

За крај, она што сепак треба да се напомене е дека, кај поголемиот дел од младите не постои префрлање на одговорноста за демократското владеење кон други субјекти. На пример, според истражувањето на ВФД од 2019 година, 59 % од младите не се согласуваат дека политиката е работа на политичарите во која младите не треба да се мешаат. Исто толкав процент (60 %), се противат на изјавата дека на младите им е попаметно своето мислење за политичките случувања да го задржат за себе наместо да го искажат јавно. Оттука може да се каже дека кај младото население не постои интернализирано оградување од политиката и спремност за јавно политичко делување.

## *Политичко информирање кај младите: слободен пад во споредба со пред три децении*

Во однос на политичкото информирање кај младите, претходните две истражувања за млади спроведени од страна на ВФД, укажуваат дека најголемиот дел од младите немаат изградено навики за политичко информирање, ниту пак особено дискутираат за актуелните политички случувања во државата. Доколку ваквите податоци ги споредиме со истражување на истата тема од пред точно 30 години (види Стаменкова-Трајкова, 1991), ќе видиме дека во рок од три децении има драстичен пад на политичката информираност кај младите. Имено, според резултатите од анкетното истражување за млади на Стаменкова-Трајкова спроведено во 1991 година, нешто повеќе од половина од младите се изјасниле дека често читаат статии во весници за политичките настани и процеси (51,3 %) и следат ТВ емисии од областа на политиката (56,8 %), а дека често водат разговори со другарите за политички збиднувања се изјасниле 62,6 % од испитаните млади. Во резултатите од истражувањето за млади на ВФД од 2019 година пак (види Галевски, 2019), дека често следат и се интересираат за политиката се изјаснија само 8,9 % од младите, а дека често разговараат за актуелните политички случувања само 6,8 %.

На што се должи овој слободен пад во информирањето на младите за политиката? Една претпоставка е дека ваквите резултати се производ на квалитетот на медиумскиот простор и презаситеноста од целокупната политичка култура во земјата, антагонистичкиот и застарен пристап на политичко информирање од страна на медиумите, како и своевидна критика или отпор кон понудените политички проекти од постојните политички партии. Резултатите од истражувањата на ВФД покажуваат видлива дистанца на младите од политиката и негативно поимање на политиката како валкана активност. Дополнителен фактор може да биде големиот број на дезинформации во медиумскиот дискурс. Во заклучоците на едно неодамнешно истражувањето насловено како „Од онлајн бојно поле - до губење на довербата" се констатира дека најголем дел од младите не им веруваат на медиумите (GLOBSEC, 2018). Според истото истражување, младите кај нас повеќе им веруваат на странските медиуми отколку на домашните, што уште еднаш ја потврдува нивната перцепција за медиумскиот простор во државата.

Уште една претпоставка за незаинтересираноста на младите може да се најде во самиот третман и застапеност на младите во медиумите. Во истражувањето на Фидановски и Јованова (2021) кое опфаќа анализа на седум дебатни политички емисии на шест ТВ-канали, се забележува дека постои длабок возрасен јаз помеѓу поканетите гости, односно дека гости помлади од 40 години се речиси петкратно поретко присутни во споредба со гости кои имаат 40 години или повеќе, што јасно укажува дека медиумите играат активна улога во маргинализација на младите.

Во исто време, постои легитимна загриженост за степенот на циркулација на лажни вести и подлежноста на младите на теории на заговор. Истражувањето на ВФД спроведено во 2020 година беше дополнето со неколку изјави кои имаа за цел да ја измерат подлежноста на популарни теории на заговор поврзани со КОВИД-19 пандемијата. Резултатите претставуваат загрижувачка слика според која сериозен број на млади веруваат во скоро сите од претставените теории на заговор (види Ѓорѓиовска и Галевски, 2021).

Како куриозитет, младите во Северна Македонија, покрај тоа што се жртви на лажните вести и дезинформациите, во еден период (2016 година), беа и прикажани како главен актер во нивното создавање на светско ниво, при што младата популација од градот Велес беше карактеризирана како фабрика за лажни вести, која организирано преку креирани веб-портали и фејсбук групи имаше за цел да влијае врз изборот на тогашниот американски претседател. Поврзаност и уделот на млади-

те во креирањето на лажни вести во рамките на Северна Македонија не е доволно испитано и заслужува повеќе внимание во идните истражувања од оваа област.

### *Ставовите на младите кон општеството и политиката*

Доколку ги разгледаме ставовите на младите кон општеството и политиката од минатите две истражувања на ВФД, ќе видиме дека кај не така мал дел од младите постои недостаток на емпатија спрема другиот и различниот, како и доста конзервативни ставови за поимањето на посакуваниот профил на актерите во политичкиот простор. Имено, видливо е дека кај младите постои доза на хомофобичност и сексизам, како и афинитет кон догматизмот и авторитаризмот (преку поддршка на лидер со цврста рака). Во резултатите од последното истражување на ВФД од 2021 година, содржани во натамошниот текст од оваа публикација, се забележува и доза на етничка недоверба и недостаток на меѓусебна почит кај дел од младите, која се манифестира преку непосакување да се живее до соседи од различни етнички заедници или пак луѓе со различно потекло (пр. мигранти).

Она што дава доза на оптимизам е дека интензитетот на ваквите ставови е нешто помалку присутен кај помладата генерација на млади, односно оние млади кои се на прагот на полнолетноста. Со други зборови, постои одредена промена во вредносните ориентации кај младите и нивниот однос кон тие појави. Но, иако постои тенденција за прифаќање на попрогресивни идеи и ставови, сепак сè уште постои висок степен на нетрпеливост кон разликите кои се чини дека се длабоко вкоренети во ставовите и секојдневието на младите. Впрочем, според студијата на Фондацијата Фридрих Еберт (2018/2019), најчеста форма на дискриминација е токму онаа според политичките убедувања (Топузовска-Лактовиќ и група автори, 2019).

Дали и до кој степен ваквите вредности ориентации кај младите се поттикнати од формалниот образовен процес е прашање кое заслужува повеќе внимание во идните истражувања за млади. Ако се повикаме на претходни истражувања во други земји, несомнено е дека образованието игра голем дел во креирањето на политичка свест кај младите и општо кај луѓето. Во исто време, не смее да се заборави на значајната улога која ја имаат семејството, опкружувањето, медиумите и другите агенси врз формирањето на системот на вредности кај младите.

Во однос на влијанието на неформалното образование и активностите во кои младите се вклучуваат надвор од формалниот образовен процес, преку младински организации или други форми, претходните две истражувања спроведени од ВФД јасно покажуваат дека младите кои се општествено активни повеќе се информираат за политиката, се поуверени дека може да ги сменат работите, покажуваат поголемо задоволство со своето место во општеството и имаат повисок степен на толеранција кон различностите. Во исто време, загрижува дека околу половина од младите се опишуваат како целосно неактивни и се изјаснуваат дека никогаш не презеле активности за решавање на одредено општествено прашање.

Оттука, активацијата на младите треба да биде највисок приоритет на кој треба да му се пристапи мултисекторски, преку подобрување на граѓанското образование во училиштата, преку зајакнување на економската независност на младите и преку подобрување на целокупната слика за тоа како младите и нивните потреби се адресираат. Резултатите од претходните две истражувања на ВФД покажуваат дека дури и кога младите се решаваат да преземат иницијатива за решавање на одреден проблем, истите најчесто не се решаваат од институциите, што може да резултира во уште по загрижувачки тренд на дистанцирање од општествено-политичкиот живот.

## *„Одливот на мозоци“ како жежок костен*

„Одливот на мозоци“ е несомнено еден од главните предизвици со кои се соочува државата. Постојните истражувања за младите покажуваат дека околу половина од младите размислуваат за можноста да заминат во странство, резултати кои ги потврдуваат и истражувањата на ВФД. Во однос на мотивите за иселување, иако тие не можат да се сведат на една категорија, најголемиот дел од младите се чини дека би се отселиле од економски причини и поради потребата за попристоен живот.

Според постоечките проценки, речиси 30 % од вкупното население на Република Северна Македонија живее надвор од државата (KNOMAD, 2017), а повеќе од еден од три граѓани на Северна Македонија се очекува да бидат постари од 60 години до 2050 година (Обединети нации, 2017). Ваквата состојба создава низа на далекусежни негативни последици, меѓу кои и појавата на недостаток од квалификувана работна сила како и зголемен товар врз се помалиот број млади работници кои рабо-

тат во државата да обезбедат економска и социјална грижа за своите најблиски.

Недоволната искористеност и потенцијалната загуба на човечки капитал со која се соочува државата е потврдена и со Индексот на човечкиот капитал на Светска банка според кој дете родено во Северна Македонија денес може да се очекува да постигне 56 % од својот потенцијален човечки капитал кога ќе порасне, во споредба со она што би можело да го достигне доколку има квалитетно образование и здравствени услуги (Светска банка, 2020). Иако нивото на човечки капитал во Република Северна Македонија е во рамки на земјите од регионот, сепак истото е далеку пониско од земјите на Европската Унија, каде искористеноста изнесува над 70 %.

Оттука станува јасно дека во годините кои следат ќе биде од клучно значење да се создаде социо-економска клима која ќе ги поттикне младите да ја гледаат иднината во рамки на државата. Ваквиот подвиг, меѓу другото ќе бара и зголемување на политичката застапеност на младите, подобрување на владеењето на правото и степенот на демократија, како и зајакнување на довербата во институциите кои работат во доменот на младите.

## *ЕУ перспективата: излез од безизлезот?*

Младите, како и повеќето од општото население, сè уште ја гледаат ЕУ како позитивен пример од многу аспекти, особено кога станува збор за можностите за вработување и економската благосостојба, две особено проблематични области во Северна Македонија. Младите се генерално приемчиви и кон идејата за членство во Унијата и кај повеќето преовладува мислењето дека зачленувањето е излез од сегашната состојба. Но, споредбено со повозрасните категории на граѓани, тие даваат помала поддршка за членство во ЕУ (види Дамјановски, 2022). Имено, нешто повеќе од половина од младите даваат поддршка за членство во Унијата, додека најголем дел од останатите млади се неопределени или пак се против членство во Унијата (ibid.).

Во истражувањата на ВФД, тренд анализата на податоци од сите три спроведени истражувања (2018, 2019, 2020) укажува на значајно намалување на процентот на млади кои сметаат дека земјата ќе стане членка на Унијата. Во исто време и кај оние млади кои сметаат дека земјата ќе стане членка на Унијата се намалува оптимизмот за тоа колку време ќе биде потребно за истото да се случи. Се претпоставува дека првичното

вето од Франција, а подоцна и од Бугарија за отворање на преговорите се дел од факторите кои влијаат врз креирањето на ваквите ставови кај младите.

Она што загрижува од ваквиот намален оптимизам кај младите е што претходните истражувања на ВФД покажуваат дека вербата во членството во ЕУ е една од ретките причини кои ги задржува младите во државата. На пример во истражувањето од 2019 година од испитаниците кои веруваат дека земјата ќе стане членка на ЕУ, дури 86 % не размислуваат да се иселат. Тоа јасно го нагласува значењето на пристапувањето кон ЕУ како врвен приоритет за земјата. Овој податок е важно да стигне и до земјите-членки на Унијата, особено земјите кои имаат резерви во однос на започнувањето на процесот.

Доколку во блиска иднина не се забележат видливи придвижувања во процесот на пристапување кон ЕУ, може да се очекува дополнително да се зголеми и онака високиот процент на млади кои размислуваат или активно бараат начини да заминат од државата.

## *Пандемска генерација: како КОВИД-19 влијаеше врз младите?*

Поголем број меѓународните организации, меѓу кои и УНИЦЕФ, предупредуваат дека рестрикциите за време на пандемијата, кои се однесуваат и на децата и на младите, а влијаат врз нивното образование, здравство, социо-економска благосостојба и ментално здравје, може да доведат до т.н. „загубена КОВИД-генерација" (УНИЦЕФ, 2020).

Како еден од сегментите каде се очекуваат најголеми последици врз младите на светско ниво се издвојува образованието, главно поради пречките за обезбедување континуитет во наставата. Светската Банка алармира дека КОВИД-19 пандемијата може да доведе до трајни загуби во учењето кои во Република Северна Македонија се проценува дека ќе бидат еквивалентни на најмалку половина година учење. Ова може дополнително да ги загрози и така ниските резултати од учењето кои учениците ги постигнуваа на истражувањата како ПИСА, ПИРЛС и ТИМСС, како и да ги ограничи долгорочните можности за успех на младите. Во рамки на истражувањето на ВФД од 2020 година, младите кои се дел од образовниот процес го оценија пандемското образование со средна оценка 3 на скала од 1 до 5, што уште еднаш укажува на ниските перцепции за неговиот квалитет.

Учењето од далечина се покажа како предизвик особено за ранливите групи на студенти и ученици кои не секогаш ги имаат потребните услови за непречено следење на наставата, како на пример тивка просторија, пристап до сопствен компјутер, стабилна интернет врска, но и поддршка од родителите која може да се покаже како клучна во резултатите од учењето во ваков контекст. Истражувањето на ВФД од 2020 година покажа дека младите кои живеат на село, кои имаат пониски финансиски примања и кои припаѓаат на помалите етнички заедници се соочуваат со голем број предизвици да обезбедат соодветни уреди, просторни услови и стабилна интернет врска. Ваквите резултати се закануваат да ги зголемат нееднаквостите како резултат од учењето кои и онака веќе постоеја пред пандемијата.

Од економски аспект, КОВИД-19 пандемијата ги нарушува и можностите на младите да најдат пристојна и сигурна работа, што дополнително ја зголемува нивната ранливост. Неизвесно е и до кој степен економскиот аспект на кризата ќе ги засили миграциските трендови меѓу младите. Податоците од истражувањата на ВФД нудат делумно оптимистичка слика со што се забележува само мал број на млади кои ја изгубиле својата работа поради пандемијата.

Стресот и менталната благосостојба на младите се, исто така, важни теми кои ги нагласи КОВИД-19 кризата. Во состојба на ограничени можности за социјална интеракција, нарушен образовен процес и загуба на блиски како резултат на пандемијата, менталното здравје на младите останува едно од критичните прашања кои треба да се адресираат. Иако во рамки на училиштата постојат можности за психолошка поддршка, честопати психолошкото советување е потешко достапно за младите, особено на тие од помалите градови, а средствата кои се потребни за покривање на сесиите за советување надвор од училиштата не се секогаш во рамки на буџетот на младите.




# МЕТОДОЛОГИЈА

Методолошкиот пристап во голема мера е заснован на пристапот на истражувањата за социо-политичко учество на младите во Северна Македонија, спроведени од Фондацијата за демократија на Вестминстер во 2019 и 2020 година. Фокусот на истражувањето е на перцепциите на младите за граѓанската вклученост, институциите и општеството. Преку користење на компаративна методологија и прашалник, се опфатени слични главни теми и се добива споредебен приказ на Трендовите кај младите во 2019, 2020 и 2021 година.

Истражувањето опфаќа три сегменти: (1) деск-анализа на истражувања, анализи и политики за младите во земјата; (2) квантитативно истражување спроведено преку телефонска анкета и (3) квалитативно истражување спроведено преку фокус групи.

Прашалникот ги опфати следните теми:

- Перцепции за општествените текови во земјата и позицијата на младите во општеството
- Миграции и поглед кон индината
- Доверба во институциите и доверба во личното влијание
- Граѓанско учество на младите во општеството
- Учество на избори
- Влијание на КОВИД-19 врз младите
- Степен на согласност со изјави позврзани со општествено политичката активност, политичките вредности и критичката мисла
- Толеренција и перцепции за други групи
- Перцепции и ставови на младите со сензорна и/или моторна попреченост

## *Опис на национално репрезентативниот примерок за телефонска анкета*

Во истражувањето спроведено преку телефонска анкета е користен повеќестепен стратификуван национално репрезентативен примерок. Големината на примерокот е 1.030 млади лица на возраст 15 до 35 години. Според Законот за младинско учество и младински политики, горната граница на млади е 29 години, но во интерес на споредување на податоците со претходни истражувања истата е поместена на 35 години. Ова поместување на горната граница доаѓа од аргументите за

„продолжена младост" во литературата и овозможување на споредба на податоците.

Анкетирањето е спроведено во ноември 2021 година. Во истражувањето се вклучени вкупно 1.060 испитаници. Испитаниците се се пропорционално дистрибуирани според место на живеење (град/село) низ сите 8 региони во Северна Македонија и според етничката припадност. Со цел да се застапат перцепциите и на лицата со попреченост во истражувањето, беше вклучен дополнителен примерок („booster") на 30 испитаници, лица со физичка или сензорна попреченост.

Првенствено популацијата е стратификувана во однос на 3 варијабли: етничка припадност, степен на урбанизација и регион и се дефинирани категории според овие три клучни варијабли.

Потоа, секоја општина во регионот е поделена на 6 подгрупи: етнички Македонци во урбани и рурални населени места, етнички Албанци во урбани и рурални населени места и други етнички заедници во урбани и рурални населени места.

Потоа таргет бројот на интервјуа пропорционално е дистрибуиран според општините во секој регион врз база на стратификацијата на популацијата. Всушност, секоја ќелија е функција на таргет бројот на интервјуа (предвидената големина на примерокот), вкупната популација во Северна Македонија и бројот на жители во соодветната субгрупа.

Во истражувањето беше опфатен дополнителен бустер примерок од 30 испитаници, млади луѓе (15-35 години) со сензорна и/или моторна попреченост. За да се добие подобар увид во овој дел од популацијата, но имајќи предвид ниската застапеност во национално репрезентативниот примерок, се направи ова дополнување на примерокот.

## *Фокус групи*

За потребите на истражувањето беа спроведени и три фокус групи. Целите на квалитативното истражување (фокус групите) се да се добие подлабок увид и да се разберат мислењата и искуствата на учесниците, како и да се идентификуваат причините за нивните верувања, однесувања и перцепции.

Во рамки на истражувањето беа спроведени 3 фокус групи со млади на возраст од 15 до 35 години. Групите беа поделени на три возрасни категории: млади од 15 до 19 години, млади од 20 до 25 години и млади од 26 до 35 години.

Во квалитативното истражување учество зедоа вкупно 25 млади граѓани од сите 8 региони на државата од македонска, албанска и ромска националност. Исто така, во групите беа вклучени и лица со попреченост. Фокус групите се одржаа во период 30.11 – 3.12.2021 година, со просечно времетраење од 120 минути.

Наодите од фокус групите треба да бидат земени како показатели за гледиштата и однесувањето на учесниците во овие групни дискусии и тие не треба безусловно да се прифатат како репрезентативни за ставовите и мислењата на сите млади граѓани во Република Северна Македонија.

## *Демографска структура на испитаниците од национално репрезентативиот примерok*

**ТАБЕЛА 1.** Пол




**ТАБЕЛА 2.** Возраст



## ТАБЕЛА 3. Образование



ОСНОВНО 16,1% | СРЕДНО 57,7% | ВИСОКО 26,2%

## ТАБЕЛА 4. Националност




## ТАБЕЛА 5. Работен статус



## ТАБЕЛА 6. Финансиски статус




## ТАБЕЛА 7. Регион




## ТАБЕЛА 8. Населено место



УРБАН 58,3%



РУРАЛ 41,7%

## *Демографска структура на испитаниците од дополнителниот примерок (лица со физичка и/или сензорна попреченост)*

**Број на испитаници во „бустер“ примерокот :** 35 лица

### ТАБЕЛА 9. Пол



ЖЕНИ 26%

МАЖИ 74%

### ТАБЕЛА 10. Образование



| ОСНОВНО | СРЕДНО | ВИСОКО |
| --- | --- | --- |
| 25,7% | 57,1% | 17,1% |

### ТАБЕЛА 11. Работен статус



**ТАБЕЛА 12.** **Финансиски статус**




## *Ограничувања на истражувањето*

Истражувањето дава податоци за ставовите и мислењата на граѓаните за одреден временски интервал, кои можат да подлежат на промени со текот на времето.

Сите истражувања можат да бидат подложни на различни извори на грешки, вклучувајќи ги, грешката на примерок, грешката на достапноста на испитаниците и грешката на мерење. Предвидената маргина на грешка за ова истражување изнесува ±3, 46 процентни поени на 95 % ниво на доверба. Ова значи дека доколку истото истражување се спроведе 100 пати, очекуваме во 95 % од тие истражувања процентите на одговори да бидат некаде меѓу оваа маргина на грешка. Маргината на грешка е поголема помеѓу различни подгрупи на испитаници.

Дополнително во телефонската анкета беше вклучен дополнителен „бустер" примерок од 30 испитаници, млади лица со сензорна и/или моторна попреченост да се добие подобар увид за ставовите и перцепциите на оваа група млади луѓе кои се помалку застапени во национално репрезентативниот примерок. Поради ограничениот број на испитаници во дополнителниот „бустер" примерок, односно малата статистичка маса, податоците треба да бидат земено единствено како показатели.

Наодите од овој фокус, групите треба да бидат земени како показатели за гледиштата и однесувањето на учесниците во овие групни дискусии и тие не треба безусловно да се прифатат како репрезентативни за ставовите и мислењата на млади граѓани во Република Северна Македонија.




# НАОДИ ОД ТЕЛЕФОНСКА АНКЕТА НА РЕПРЕЗЕНТАТИВЕН ПРИМЕРОК: СОЦИО ПОЛИТИЧКО УЧЕСТВО НА МЛАДИТЕ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# Анализа на наоди од телефонска анкета на репрезентативен примерок: **социо-политичко учество на младите во Северна Македонија**

## *ПЕРЦЕПЦИИ НА МЛАДИТЕ ЗА ОПШТЕСТВЕНИТЕ ТЕКОВИ ВО ЗЕМЈАТА И НИВНАТА ПОЗИЦИЈА ВО ОПШТЕСТВОТО*

На почетокот од телефонската анкета, од испитаниците беше побарано да ја споделат нивната перцепција за насоката во која се движат работите во нашата земја. Единствено 15,8 % од испитаниците сметаат дека работите во земјата се движат во правилна насока, додека помалку од половина (45,5 %) сметаат дека насоката во која се движи земјата е погрешна. Над една третина од испитаниците (35,2 %) истакнуваат дека работите во земјата стагнираат, ниту се движат во правилна ниту во погрешна насока.

**Графикон 1.** **Општо земено, дали работите во земјата се движат во правилна или погрешна насока?**



Тренд анализата укажува на значајно намалување на процентот на млади луѓе кои сметаат дека земјата се движи во правилна насока (пад од 16 процентни поени од мај, 2019) и на значајно зголемување на процентот на млади луѓе кои веруваат дека работите во земјата се движат во погрешна насока (скок од 22 процентни поени од мај, 2019). За потсетување, изминатата година беше година на справување со светска пандемија, вето на патот кон евроинтеграциите, локални избори и владини преструктурирања.

**Графикон 2.** Општо земено, дали работите во земјата се движат во правилна или погрешна насока? Тренд




Вкрстените податоци покажуваат дека младите кои учествуваат во организации или иницијативи, во поголем процент сметаат дека работите во земјата се движат во правилна насока, во споредба со оние кои никаде не членуваат. Дополнително, испитаниците кои себеси се опишале како општествено неактивни граѓани, во поголем обем истакнуваат дека работите во државата одат во погрешна насока, наспроти оние кои се општествено активни.

Дистрибуцијата на одговорите, покажува дека постои поврзаност меѓу одговорите на прашањата дали економската ситуација во земјата се движи во правилна или во погрешна насока и работниот статус на испитаниците. Како што се забележува на графикот подолу, вработените во јавниот сектор во најголем обем сметаат дека економската ситуација во земјата се движи во правилна насока (31,4 %), додека невработените кои не бараат работа имаат најниска доверба во економскиот правец на државата (2,4 %).

**Графикон 3. Општо земено, дали економската ситуација во земјата се движи во правилна или во погрешна насока? Вкрстено со работен статус на испитаникот**



Следниот график (график бр.4) илустративно ја прикажува проценката на младите луѓе за евентуалните промени во државата (кон подобро или полошо) за пет години од сега.

Ставовите на младите се поделени во однос на тоа каде ја гледаат државата во наредните 5 години. Додека 3 од 10 млади луѓе сметаат дека за 5 години од денес државата ќе биде многу или делумно подобро место за живеење на младите, исто толку млади веруваат дека за пет години државата ќе биде делумно или многу полошо место за живеење. Речиси една третина од испитаниците (32,3 %) сметаат дека државата ќе биде ниту подобро ниту полошо место за живеење на младите.

**Графикон 4.** Според тебе за 5 години од денес државата ќе биде..?




Споредбата со податоците од истражувањата во 2020 и 2019 година, покажуваат благо намалување на оптимизмот меѓу младите. Додека во мај 2019, 36,6 % од младите сметаат дека за 5 години државата ќе биде многу или делумно подобро место за живеење, нивниот став го делат 30,5 % од испитаниците во декември 2020 година и 28,8 % од испитаниците во декември 2021 година, што претставува пад од речиси 8 процентни поени.

**Графикон 5.** Според тебе за 5 години од денес државата ќе биде..? Тренд




Вкрстените податоци покажуваат дека младите кои членуваат во различни форми на граѓанско организирање, имаат повисок оптимизам дека за пет години од денес државата ќе стане подобро место за живеење на младите. Овој оптимистичен став особено се забележува кај испитаниците кои се дел од политичка партија или подмладок на политичка партија (42 %), како и кај младите кои членуваат во граѓански организации.

**Графикон 6.** Според тебе за 5 години од денес државата ќе биде подобро или полошо место за живеење на младите? Вкрстено со учество во организации.




Перцепцијата на младите луѓе за тоа какво место за живеење ќе биде нашата земја за пет години од сега, корелираат со одговорите на прашањето поврзано со КОВИД-19 кризата. Имено, оние кои сметаат дека за пет години нашата земја ќе биде полошо место за живеење во најголем обем сметаат дека најлошите последици од КОВИД-19, допрва доаѓаат. Наспроти нив, младите луѓе кои сметаат дека нашата земја ќе стане подобро место за живеење, истакнуваат дека најголем дел од кризата предизвикана од КОВИД-19 е веќе зад нас.

Одговорите на прашањето поврзано со задоволството на испитаниците од своето место во општеството, е визуелно прикажано на следниот график. Податоците покажуваат дека повеќе од една третина од младите се целосно или прилично задоволни со своето место во општеството, додека 6 од 10 млади се делумно или целосно незадоволни од своето место во општеството.

**Графикон 7. Како млад човек колку си лично задоволен од своето место во општеството?**




Не се забележуваат поместувања во одговорите на испитаниците, околу задоволството од нивното место во општеството, споредбено со 2020 и 2019 година, односно разликите во одговорите се движат во рамките на статистичката грешка.

**Графикон 8. Како млад човек колку си лично задоволен од своето место во општеството? Тренд**



Доколку гледаме во задоволството на испитаниците од своето место во општеството од аспект на нивниот работен статус, се забележува дека вработените во јавниот сектор се позадоволни со своето место во општеството, во однос на лицата со друг работен статус.

**Графикон 9. Како млад човек колку си лично задоволен со своето место во општеството? Вкрстено со работен статус на испитаникот.**




Не изненадува наодот дека намерата за иселување од државата е поврзана со задоволството на младите луѓе од нивното место во општеството. Имено, оние кои истакнале дека не се задоволни од своето место во општеството, во поголем обем размислуваат за иселување од државата.

**Графикон 10.** Како млад човек колку си лично задоволен со своето место во општеството? Вкрстено со: Во случај да имате можност дали би се иселиле од државата?




Може да се забележи дека младите кои се општествено активни граѓани изразуваат повисоко ниво на задоволството од нивното место во општеството, во споредба со оние кои се општествено неактивни.

**Графикон 11.** Како млад човек колку си лично задоволен со своето место во општеството? Вкрстено со: Дали би се опишале себеси како општествено активен граѓанин?




Освен намерата за иселување и општествената активност на испитаниците, се забележува дека и гласањето е поврзано со задоволството на младите луѓе од нивното место во општеството. Имено, оние кои се задоволни со своето место во општеството, во поголем процент гласаат од оние кои не се задоволни со своето место во општеството.

Европските перспективи на регионот, а особено на нашата земја беа актуелна тема изминатата година. Макотрпното развлекување на процесот, преку ветото на соседна Бугарија, нејасните услови за отворање на пристапни преговори, преку позитивните оценки за реформскиот напредок, влијаат на јавното мислење, поврзано со оваа тема.

Мислењето на младите луѓе, поврзано со евроинтеграциите, визуелно е прикажано на следниот график. Се забележува дека 45 % од испитаниците истакнуваат дека нашата земја е на патот кон Европската Унија и дека таа ќе стане членка, додека точно една третина изразуваат исклучителен песимизам и сметаат дека нашата држава никогаш нема да стане членка на ЕУ. Околу една петтина изразиле неможност да одговорат на ова прашање.

**Графикон 12. Според тебе дали нашата земја некогаш ќе стане членка на Европската Унија?**




Одговорите на испитаниците околу нивната перцепција за ЕУ интеграциите на нашата земја се поврзани со заинтересираноста за политички настани во земјата. Имено, се забележува дека оние кои не се интересираат ниту следат политички настани и случувања во земјата, во поголем процент сметаат дека нашата земја нема да стане членка на ЕУ, додека оние кои често следат и се интересираат за политичките случувања во земјата, во поголем процент сметаат дека нашата земја ќе стане членка на ЕУ.

Оние испитаници кои имаа истакнато дека нашата земја ќе стане членa на ЕУ, беа дополнително запрашани за годината кога сметаат дека тоа може да се случи.

Половина од нив изразуваат голем оптимизам и сметаат дека за тоа ќе бидат потребни уште најмногу 3 години додека околу една третина од оние кои сметаат дека нашата земја ќе стане членка на ЕУ, сметаат дека тоа би се случило помеѓу 2026 и 2030 година. Просечната година кога испитаниците сметаат дека земјата ќе влезе во ЕУ е 2028 година.

**Графикон 13.** Година во која мислите дека нашата земја ќе стане членка на ЕУ? (База: само 460 испитаници  сметаат дека нашата земја ќе стане членка на ЕУ)




По значајниот пад на оптимизмот дека ќе станеме членка на ЕУ, забележан во истражувањето спроведено во декември 2019 година и растот на испитаници кои не знаат како да одговорат на ова прашање, во последните два брана од истражувањето (декември 2020 година, декември 2021 година) не се забележува поместување во перцепцијата на испитаниците во однос на ова прашање.

**Графикон 14.** Според тебе дали нашата земја некогаш ќе стане членка на Европската Унија? Тренд



Во однос на временскиот период кога би можело да се очекува нашата земја да стане членка на ЕУ, одговорите на испитаниците споредбено со истражувањата 2020 и 2019 година, бележат извесни поместувања. Се намалува нереалниот оптимизам дека тоа може да се случи до 2025 година (за 19 процентни поени) на сметка на што се зголемува процентот на одговори дека тоа може да се очекува по 2031 година (за 11 процентни поени).

Исто така, просечната година за влез во ЕУ на нашата држава во минатогодишното истражување беше 2026 година, додека во овогодишното, граѓаните сметаат дека ни се потребни две години повеќе, односно просечната година за влез ја поместуваат за 2028 година.

**Графикон 15.** Кога нашата земја ќе стане членка на ЕУ? Тренд




На прашањето колку сме поблиску или подалеку од влезот во Европската Унија, во однос на ова време минатата година, 30 % од младите луѓе сметаат дека ситуацијата е непроменета.

Една третина од младите сметаат дека сме подалеку до влезот во ЕУ во однос на ова време минатата година, додека пак 28 % сметаат дека нашата земја е на патот кон евроинтеграциите и дека сме поблиску до влезот на ЕУ во однос на минатата година.

**Графикон 16.** Дали сметаш дека сме поблиску или подалеку од влезот во ЕУ, во однос на ова време минатата година?




На графикот подолу се забележува визуелен приказ на вкрстените одговори од прашањето „Дали сметаш дека сме поблиску или подалеку од влезот во Европската Унија, во однос на ова време минатата година?" и правецот во кој се движат работите во земјата.

**Графикон 17.** Општо земено дали работите во земјата се движат во правилна или погрешна насока? Вкрстено со: Дали сметаш дека сме поблиску или подалеку од влезот во Европската Унија, во однос на ова време минатата година?



Заинтересираноста на младите луѓе за политичките настани и случувања во земјата визуелно е прикажано на графикот подолу. Повеќе од половина од младите луѓе (57 %) ретко или никогаш не ги следат и не се заинтересирани за политичките настани и случувања во земјата. Од друга страна, дека понекогаш ги следат случувањата одговориле 27 % од испитаниците, додека 15 % истакнале дека често се интересираат за општествените политички текови во земјата.

**Графикон 18. Колку често следиш и се интересираш за политичките настани и случувања во земјата?**




Тренд анализата укажува на поместувања во незаинтересираноста каде има зголемување на процентот на одговори „никогаш" не се интересирам за политички настани и случувања во земјата, а намалување на зачестеноста на одговори „ретко" се интересирам.

**Графикон 19. Колку често следиш и се интересираш за политичките настани и случувања во земјата? Тренд**



Ако се анализира заинтересираноста за политички настани кај испитаниците и гласањето на избори, не изненадува податокот дека оние испитаници кои никогаш или ретко се интересираат за политички настани и случувања во земјата во поголем обем не гласаат на избори, додека оние кои следат и се интересираат за политички настани и случувања во земјата во поголем обем излегуваат на гласање за избори.

**Графикон 20.** Колку често следиш и се интересираш за политичките настани и случувања во земјата? Вкрстено со: Колку често гласаш на избори?



**НАОДИ ОД ФОКУС ГРУПИ:**

Наодите од фокус групите ја потврдуваат негативната перцепција за општата социо-политичка состојба во нашата земја. Учесниците во фокус групите имаа задача со еден збор да ја опишат актуелната состојба во земјата. Сопственото доживување на состојбата во земјата учесниците најчесто го опишуваат со: „хаос“, „криза“, „застрашувачка“, „катастрофа“, „преживување“, „бесцелност“, „трагедија“ и „предавство“.

И покрај тоа што КОВИД-19 пандемијата сè уште е во полн ек, во светот, учесниците не ја споменаа како еден од најсериозните проблеми во нашата земја.

Како најсериозни проблеми со кои нашата земја се соочува денес, младите учесници во фокус групите ги посочија следниве:

- Економската и енергетската криза
- Порастот на цените, наспроти нискиот животен стандард на народот
- Силната испартизираност на целиот систем
- Нефункционалноста на институциите и лошата состојба на здравството, судството и образованието
- Корупцијата, клиентелизмот, непотизмот
- Иселувањето на младите
- Загадениот воздух и појавата на многу хронични болести

Ваквата состојба кај младите создава многу грижи и стравови поврзани со нивната егзистенција и иднина во земјата. Поголем дел од учесниците во фокус групите, особено оние помлади од 25 години и самите сериозно размислуваат да ја напуштат земјата во потрага по подобра иднина во некоја од западноевропските земји. Сепак, постои свесност дека масовното иселување на младите е силен удар за државата која останува осиромашена со квалитетен кадар во многу клучни области како што се здравството и образованието, неопходни за иден просперитет на општеството. Дополнително, младите учесници во фокус групите стравуваат од сè поприсутната апатичност кај народот која неминовно води во пасивност и незаинтересираност за учество во креирањето на политичкиот живот, а со тоа и иднината земјата.

Она што според учесниците се движи во правилна насока и им дава мала надеж се:

- Зголемената свесност за неопходноста од заштита на животната средина и екологијата кај младите (законот за забрана на пластични кеси)
- Поголемиот број на независни кандидати во општините на последните локални избори
- Поголемата инклузија на децата со посебни потреби во образованието
- Вакцинацијата и имунизација на населението

Во фокус групите учесниците имаа задача да ги споделат слободните и спонтани асоцијации кои што им паѓаат на ум при помисла на Европската Унија. Анализата на добиените одговори укажува на делумна разлика во перцепцијата за ЕУ кај средношколците и студентите, во споредба со учесниците постари од 25 години. Кај помладите постои позитивна перцепција и за нив Европската Унија е асоцијација за: слобода, подобра иднина, подобар живот, спас, јака економија и истата ја доживуваат како „посакувана цел на сите држави на Балканот". Кај учесниците постари од 25 години перцепцијата е помалку оптимистична. Европската Унија кај нив буди асоцијации за: вето, режим, политика, скап живот, миграција, бегство на младите.

Со цел да се добие подлабок увид во перцепцијата за ЕУ, во фокус групите беше користена проективната техника – „персонификација" во која учесниците имаа за задача да ја замислат ЕУ како семејство. Анализата на добиените одговори идентификува неколку различни профили на семејство, што зборува за постоењето на различни перцепции за ЕУ и нејзиниот однос кон нашата земја.

- *Традиционално семејство* – традиционална распределба на моќта, родителите (Франција и Германија) го имаат главниот збор, постарите деца имаат поголема моќ во однос на помладите, но сепак сите се раководат од одлуките на родителите. Затворено семејство кое се дружи само со слични на него, но глуми лажна отвореност и заинтересираност. Во семејството постојат внатрешни конфликти и превирања кои можат да предизвикаат криза, но семејството сепак има капацитет да опстане.

- *Модерно, елитно семејство* – семејство во кое постои рамноправен и демократски однос, во кое се почитуваат правата и волјата на сите членови. Цврсто и јако семејство кое има добра иднина. Тоа води богат, елитен и боемски живот кој сите го посакуваат и на кој сите му завидуваат. Сите сакаат да се дружат со нив, но ако некој

сака да биде дел од ова семејство потребно е да ги почитува нивите правилата. Според учесниците кои ја имаат оваа перцепција за ЕУ, нашата земја и нашиот народ е многу поинаков од нив, ние сакаме да бидеме дел од нив, но не и да ги прифатиме нивните правила.

- *Комбинација од традиционално и модерно семејство* - семејството во кое постои јасна хиерархија на моќ, родителите го имаат последниот збор и ги поставуваат правилата. Сепак е семејство со модерни сфаќања, се почитуваат различностите и правото на избор. Тоа е мешано семејство од повеќе националности, култури и религии. Во семејството постојат внатрешни превирања и кризи, но тие успешно се надминуваат.

- *Семејство од реално шоу* – Навидум совршено семејство во кое постои хармонија и во кое сите се сакаат и почитуваат – но тоа е само глума по однапред напишано сценарио. Сите бенефити одат кај оние кои го пишуваат сценариото, а останатите страдаат. Отворено е за нови членови, но само за оние кои ќе го поминат кастингот и ќе се согласат да играат според сценариото, а тоа најчесто има висока цена и е на нивна штета. Нема позитивна иднина, затоа што во него доминираат личните интереси и амбиции на поединци

Во трите групни дискусии почеста беше проекцијата на ЕУ како традиционално или комбинација на традиционално и модерно семејство.

Генерално, најголем дел од учесниците во сите три фокус групи веруваат дека ЕУ и понатаму треба да биде најпожелната насока во која треба да се движи нашата земја. Сепак од проективната персонификација и од дискусијата во сите три фокус групи евидентни се две различни гледишта во однос на релацијата на ЕУ и нашата земја. Поголем дел од учесниците сметаат дека ЕУ игра советодавна улога и ги дава насоките на развој на нашата земја, но наша задача е да го оствариме бараното. Овие учесници одговорноста за нашиот моментален статус ја бараат внатре, во политичкото раководство на земјата, кое според нив не презема сериозни чекори за исполнување на условите и стандардите кои ЕУ ги бара од нас.

Од друга страна, постојат и учесници кои со горчина гледаат на односот на ЕУ кон нашата земја кој го оценуваат како нефер и лицемерен, додека станувањето на дел од ЕУ како прескапо за нашата земја.

Анализата на фокус групите со младите покажува на генерално ниска верба кај истите дека нашата земја во скоро време ќе стане

членка на Европската Унија, иако ЕУ сè уште се гледа како најпожелна насока во која треба да се движи земјата. Поголем дел од учесниците во фокус групите проценуваат дека доколку ги исполниме сите барани услови, би можеле да станеме членка за 10 до 20 години од сега.

Причината за бавното темпо со кое се движиме на патот кон ЕУ за значаен дел од учесниците лежи во неефикасноста на нашите политички структури да ги реализираат неопходните реформи во земјата поставени како услов од ЕУ (особено во областа на корупцијата, судството и намалување на администрацијата). Кај нив доминира перцепцијата дека фокусот мора да биде кон внатре – кон подобрување на квалитетот на животот и системските реформи во сите сегменти на социо-општественото функционирање на земјата. Тоа го доживуваат како приоритетен и единствен начин на кој би можеле да го забрзаме и оствариме нашето посакувано членство во ЕУ.

Сепак, кога станува збор за нашето членство во ЕУ, кај дел од учесниците постои разочараност и незадоволство од односот на Европската Унија, заради перципираните двојни стандарди и непочитување на големите отстапки кои земјата ги направи како што е промената на името.

Овие учесници сметаат дека не се препознаваат нашите напори и дека ништо што земјата ќе направи нема да биде доволно за да стане членка на Европската Унија, што за нив значително ја намалува привлечноста на ЕУ како дестинација кон која треба да се стреми нашата земја.

# Миграции и поглед кон иднината кај младите

Следното прашање се однесува на подготвеноста на младите луѓе да ја напуштат државата доколку би имале таква можност.

Загрижувачки е дека подготвеност за иселување од државата изразиле 6 од 10 млади луѓе. Три од 10 истакнале дека не би ја напуштиле државата дури кога би имале таква можност, додека секој десетти испитаник изјавува дека не размислува на оваа тема.

**Графикон 21.** Во случај да имате можност дали би се иселиле од државата?




Во споредба со претходните истражувања, не се забележуваат поместувања во одговорите на испитаниците во однос на евентуалната можност да ја напуштат државата.

Во сите три спроведени истражувања, околу 60 % од младите луѓе изразуваат подготвеност за миграција што претставува загрижувачки сигнал дека младите луѓе својата иднина во поголем дел ја замислуваат надвор од државата.

**Графикон 22.** Во случај да имате можност дали би се иселиле од државата? Тренд




Одговорите на испитаниците поврзани со намерата за иселување од државата се поврзани со нивните одговори со вербата во нашето членство во ЕУ. Имено, оние испитаници кои сметаат дека нашата држава ќе стане членка на ЕУ, во помал обем би се иселиле од државата наспроти оние кои мислат дека нашата држава нема да стане членка на ЕУ.

Исто така, вработените во јавниот сектор и невработените лица кои не бараат работа, се оние кои во најмал процент би се иселиле, наспроти невработените кои бараат работа, оние во образовен процес и вработените во приватниот сектор кои во поголем процент имаат намера да се иселат.

Ако се анализира поврзаноста помеѓу миграциите и задоволството од грижата на властите, се забележува дека со зголемување на негрижата на властите за младите и нивните потреби се зголемува и намерата за иселување на младите.

**Графикон 23.** Во случај да имате можност дали би се иселиле од државата? Вкрстено со: Според тебе колку властите се грижат за тебе и твоите потреби и проблеми?




Одливот на млади луѓе претставува горчлив проблем за нашето општество. Отсуството на перспективност во нашата земја, се повеќе се забележува кај младите луѓе.

Доколку одлучат да си заминат од државата, единствено 8 % од младите изјавиле дека со сигурност би се вратиле во земјата. Агрегираните одговори дека не би се вратиле или мали се шансите да се вратат ако евентуално ја напуштат државата, изнесува 64 %.

**Графикон 24. Доколку некогаш одлучите да си заминете од државата колкави се шансите подоцна да се вратите?**




Споредбените податоци од одговорите на испитаниците од двете последователни истражувања, покажуваат загрижувачки факти дека се повеќе млади луѓе во потрага по подобар живот, воопшто не би се вратиле во татковината.

# Доверба во институции и лично влијание

Следниот сет на прашања се однесуваат на довербата на младите луѓе во институциите со посебен осврт на грижата на властите за потребите и проблемите на младите луѓе. Податоците од спроведеното истражување покажуваат дека единствено 13 % од младите луѓе во земјата сметаат дека властите целосно или прилично се грижат за нив и нивните проблеми, додека 8 од 10 млади луѓе сметаат дека властите делумно или воопшто не се грижат за нив и нивните потреби.

**Графикон 25. Според тебе колку властите се грижат за тебе и твоите потреби и проблеми?**




Оние кои сметаат дека властите не се грижат за нив, поретко гласаат, наспроти оние кои имаат перцепција за поголема грижа на властите за младите и нивните потреби.

Мислењето на младите луѓе дека властите не се грижат за нивните потреби и проблеми е доминантно и кога податоците ги разгледуваме споредено со истражувањата спроведени во 2020 и 2019 година. Во овогодишното истражување се забележува зголемување на одговорот „воопшто не се грижат", што претставува јасен сигнал за незадоволство кај младите од посветеноста на властите во решавањето и приоретизирањето на нивните потреби и проблеми.

**Графикон 26. Според тебе колку властите се грижат за тебе и твоите потреби и проблеми? Тренд**




Незапознаеноста на властите со потребите и проблемите на младите е идентификувана преку нивните одговори каде 7 од 10 млади луѓе сметаат дека властите делумно или воопшто не се запознаени со потребите и проблемите на младите луѓе. Околу една четвртина млади луѓе во земјата сметаат дека властите целосно или прилично се запознаени со потребите и проблемите на младите луѓе.

**Графикон 27. Колку властите се запознаени со твоите потреби и проблеми како млад човек?**



Општествено неактивните граѓани во поголем процент мислат дека властите не се запознаени со нивите потреби и проблеми, додека поактивните имаат попозитивни перцепции за запознаеноста на институциите со нивните потреби и проблеми.

Овогодишното истражување бележи зголемување на процентот на граѓани кои сметаат дека властите „воопшто не се запознаени", што уште еднаш го нагласува нивното чувство на запоставеност од страна на властите.

**Графикон 28. Колку властите се запознаени со твоите потреби и проблеми како млад човек? Тренд**




Довербата на испитаниците во институциите и организациите во однос на нивната работа во интерес на младите е прикажана на графикот подолу. Средните оцени се изведени согласно со оценките кои испитаниците имаа можност да ги дадат за секоја институција одделно на скала од 1 до 5 каде 1=незадоволително, а 5=одлично.

Се забележува ниско ниво на доверба, каде ниту една институција не забележува средна оцена над просечната 3.

Највисоки оцени во однос на сите 11 испитани институции/организации, бележат образовните институции (2,50) и студентските и средношколски тела (2,45), кои иако во себе ја обединуваат работата со млади луѓе добиваат загрижувачко ниски оценки. Најниските оцени за доверба, во однос на нивната работа во интерес на младите се забележуваат кај Собранието (1,96) и политичките партии (1,97).

**Графикон 29.** На скала од 1-5 каде 1=незадоволително, а 5=одлично оцени ги следните институции и организации во однос на нивната работа во интерес на младите?




Податоците од истражувањето, освен што детектираат ниско ниво на доверба кон институциите и незапознаеност на властите со проблемите на младите луѓе, укажуваат и на широко распространетиот став меѓу младите луѓе дека не можат да влијаат на тоа што и како работат властите.

Речиси 8 од 10 млади луѓе сметаат дека воопшто не можат да влијаат врз тоа што и како работат властите, додека единствено 15 % изразуваат став дека целосно или прилично би можеле да влијаат на тоа што и како работат властите.

**Графикон 30.** **Колку сметаш дека ти лично можеш да влијаеш врз тоа што и како работат властите?**




Споредбата на податоците со истражувањата спроведени во 2020 и 2019 година, покажуваат стабилна висока увереност дека младите луѓе не можат да влијаат врз тоа што и како работат властите.

**Графикон 31.** **Колку сметаш дека ти лично можеш да влијаеш врз тоа што и како работат властите? Тренд**



Младите испитаници кои се општествено поактивни имаат значајно поголема самодоверба дека може да влијаат врз работата на властите.

**Графикон 32. Колку сметаш дека ти лично можеш да влијаеш врз тоа што и како работат властите? Вкрстено со дали би се опишал себеси како општествено активен граѓанин?**




Интересно, младите луѓе кои во помала мера веруваат дека можат да влијаат врз работата на властите, во поголем обем истакнуваат дека на нашата земја и е потребен лидер со цврста рака.

# Граѓанско учество на младите во општеството

Податоците од спроведеното истражување покажуваат дека младите луѓе се главно општествено неактивни граѓани. Имено 7 од 10 млади се опишуваат себеси како главно или воопшто неактивни граѓани. Наспроти тоа една четвртина од испитаниците себеси главно се идентификуваат како активни во општеството.

**График 33.** Дали би се опишал себеси како општествено активен граѓанин? (активности кои придонесуваат кон подобрување на општеството)




Споредбата на податоците со истражувањата од 2020 и 2019 година, покажуваат на релативно стабилна слика на главно или воопшто неактивни млади луѓе.

**График 34.** Дали би се опишал себеси како општествено активен граѓанин? (активности кои придонесуваат кон подобрување на општеството)? Тренд




Анализирајќи го искуството на младите луѓе поврзано со вклучување или консултирање од страна на институциите при носење на одлуки, исклучувајќи го гласањето на избори, покажува дека три четвртини од младите луѓе досега не биле вклучени или консултирани од институциите при носење на одлуки. Вкупно 22 % од испитаниците истакнале дека биле консултирани од кои 3 % и на локално и на централно ниво, 2 % само на централно ниво и 17 % биле вклучени или консултирани само на локално ниво.

## График 35. Дали досега сте биле вклучени или консултирани од институциите при носење на одлуки, исклучувајќи го гласањето на избори?




Се забележува извесно намалување на вклученоста на младите на локално и централно ниво (во однос на минатогодишното истражување) на сметка на зголемениот број невклучени млади луѓе во институциите при носење на одлуки (69,4 % во декември, 2020, 75,1 % во декември, 2021), што е сепак за 9 процентни поени помалку од мај, 2019 (84,5 %).

## График 36. Дали досега сте биле вклучени или консултирани од институциите при носење на одлуки, исклучувајќи го гласањето на избори? Тренд



Анализата на поврзаноста на учеството во организации и вклученоста од институциите при носење на одлуки покажува дека испитаниците кои се дел од какви било организации или иницијативи се значајно почесто вклучени или консултирани од институции при носење на одлуки (особено на локално ниво). Околу 70 % од припадниците на политичките партии или партиски подмладоци, истакнале дека биле вклучени или консултирани од институциите при носење на одлуки (и на локално и на централно ниво).

**График 37. Дали досега сте биле вклучени или консултирани од институциите при носење на одлуки, исклучувајќи го гласањето на избори? Вкрстено со: Учество во граѓански организации**




Дополнително, постои поврзаност и помеѓу вклученоста од институциите при носење на одлуки и перцепцијата за грижата на властите за потребите на младите. Имено, оние испитаници кои биле вклучени или консултирани (и на локално и на централно ниво), во поголем обем истакнуваат дека властите се грижат за нивните потреби и проблеми, наспроти они кои не биле вклучените.

**График 38. Дали досега сте биле вклучени или консултирани од институциите при носење на одлуки, исклучувајќи го гласањето на избори? Вкрстено со: Според тебе колку властите се грижат за тебе и твоите потреби и проблеми?**




Следното прашање говори за иницијативноста на испитаниците поврзана со преземањето на активности за решавање на одреден општествен проблем. Половина од испитаниците изјавиле дека некогаш нешто преземаат за решавање на одреден општествен проблем. Од нив 35 % истакнале дека ретко преземаат иницијативност, додека единствено 3 % постојано преземаат иницијативност. 43 % од испитаниците изјавиле дека никогаш не преземале нешто за решавање на одреден општествен проблем.

**График 39.** **Колку често преземаш нешто за решавање на одреден општествен проблем?**




Испитаниците кои некогаш преземале нешто за решавање на одреден општествен проблем, беа дополнително прашани колку често им успевало да го решат проблемот за кој се активирале. Со позитивна разрешница постојано се соочувале 5 % од испитаниците, 23 % често успевале да го решат проблемот, 51 % ретко имале успех и 19 % никогаш не издвојувале позитивно решение на проблемот за кој се активирале општествено.

**График 40.** **"Колку често ти успевало да го решиш проблемот? База: 529 (Сите испитаници кои некогаш преземале нешто за решавање на одреден општествен проблем"**




По зголемувањето на процентот на испитаници кои некогаш преземале нешто за решавање на одреден општествен проблем, забележано во истражувањето во декември 2020 година, преземањето на иницијатива за решавање на одреден општествен проблем останува непроменето во последното истражување (декември 2021 година).

**График 41.** Колку често преземеш нешто за решавање на одреден општествен проблем? Тренд




Младите кои членуваат во политичките партии и подмладоците како и оние кои се дел од некоја граѓанска или младинска организација, почесто преземале нешто за решавање на одреден општествен проблем во однос на сите останати.

Поактивните млади луѓе изразуваат поголемо задоволство од своето место во општеството.

Исто така, важно е да се истакне дека младите луѓе кои се постојано активни се токму оние кои успеваат да решат одредени општествени проблеми, што треба да претставува дополнително охрабрување и поттикнување на младите луѓе да се активираат, бидејќи имаат моќ да направат промени.

**График 42.** Колку често преземаш нешто за решавање на одреден општествен проблем? Вкрстено со колку често ти успевало да го решиш проблемот?



# Учество на избори

Во однос на гласачките навики, половина од младите (52 %) изјавиле дека редовно гласаат на сите избори во нашата земја, четвртина од нив (25 %) изјавиле дека само понекогаш го исполнуваат ова граѓанско право, додека вкупно 6 % изјавиле дека никогаш не излегуваат на избори. Од анкетираните, 11 % изјавиле дека сè уште немаат право на глас, додека 6 % не дале одговор на ова прашање.

**График 43.** Колку често гласаш на избори?




Поврзано со гласачките навики на младите луѓе, најчесто гласаат вработените во јавниот сектор. Веднаш зад нив најчести гласачи се младите во образовен процес (кога ќе се исклучат оние кои немаат право на глас). Околу 45 % од оние испитаници кои истакнале дека гласаат, целосно или делумно мислат дека сите партии се исти.

**График 44.** Колку често гласаш на избори? Вкрстено со работен статус




Запрашани дали гласале на последните локални избори во 2021 година, повеќе од три четвртини од младите (79 %) изјавиле дека гласале, додека 21 % изјавиле дека не го сториле истото.

**График 45.** Дали гласавте на последните локални избори во 2021 година?



На графикот подолу се прикажани факторите кои ги мотивирале младите да излезат и да гласаат на изборите. Речиси половина од оние коишто гласале (47 %), истото го сториле затоа што веруваат дека е тоа граѓанско право и должност на секој граѓанин. Околу 16 % од младите излегле да гласаат за кандидати или програми кои им се допаднале, 12 % гласале за да ја дадат својата поддршка за локалната власт, додека 9 % пак гласале за да се смени локалната власт. Околу 9 % од младите излегле на изборите заради убедувањето дека во спротивно некој друг ќе одлучи наместо нив, додека 6 % гласале со цел да го поддржат вклучувањето на нови лица на политичката сцена.

**График 46. Која беше Вашата главна мотивација поради која гласавте? Повеќе можни одговори**




Анализата на резултатите од квантитативното истражување покажува дека речиси третина од младите кои не излегле на гласање на последните локални избори во 2021 година, изјавиле дека не гласале затоа што сметале дека никој не го заслужува нивниот глас. Непривлечноста на кандидатите или програмите на изборите како причина за негласањето ја навеле 15 %, додека 13 % изјавиле дека не гласале заради разочараност од партијата во којашто имале доверба. Вкупно 9 % од младите кои не гласале не веруваат дека со гласањето може да се направи разлика, 4 % не гласале заради загриженост поради зараза со КОВИД-19, додека за 3 % непристапноста на гласачкото место била главната причина поради која не излегле на изборите.

Околу 18 % од младите изјавиле дека од одредени причини (не биле во земјата/местото каде што живеат, имале испитна сесија итн.) не биле во можност за гласаат на денот на одржувањето на изборите.

## График 47. Која беше Вашата главна причина да не гласате?




Анализата на добиените резултати од квантитативното истражување покажува дека речиси една петтина од младите луѓе (18 %) сметаат дека актуелната Влада е доволно посветена на решавањето на проблемите на младите. Сепак, речиси три четвртини (73 %) млади луѓе не се согласуваат со овој став. Еден од 10 испитаници не знае како да одговори на ова прашање.

## График 48. Дали сметаш дека актуелната Влада е доволно посветена на решавање на проблемите на младите?




На графикот подолу е прикажано мислењето на младите во однос на тоа кои области тие би сакале да бидат во фокусот на локалните власти

по изборите. Повеќе од петтина (22 %) го наведуваат вработувањето на младите како главен приоритет на локалните власти во земјата, 15 % го посочуваат образованието, 14 % инфраструктурата и јавниот превоз, како и животната средина и загадувањето, 13 % го наведуваат спортот и рекреацијата, 12 % културата и забавата, додека 11 % од анкетираните го посочуваат учеството на младите.

**График 49.** **Што би сакал/а да биде приоритет на локалните власти за младите по изборите? Повеќе можни одговори.**




**НАОДИ ОД ФОКУС ГРУПИ:**

Во фокус групите учесниците имаа задача со неколку зборови да ги опишат изборите во нашата земја. Како најчести асоцијации за изборите се појавија следниве: *„пречести“, „формалност - однапред завршена работа“, „не одлучува гласот на народот“, „партиски притисоци и влијанија“* и *„лоши предизборни кампањи“*.

Очигледна е негативната перцепција и ниското ниво на доверба во постоењето на фер и демократски изброи преку кои граѓаните имаат моќ да направат промени во општеството. Сепак, кај дел од младите учесници се забележува оптимизам по последните локални избори (октомври 2021 година) каде со победата на независните кандидати во одреден број на општини полека се враќа надежта во демократските процеси и вербата дека сепак гласот на граѓаните има одлучувачка моќ.

Наодите од фокус групите во однос на главните фактори кои влијаат врз подготвеноста на младите да излезат на избори во целост ги поддржуваат резултатите добиени од истражувањето. Освен верувањето дека излегувањето на избори е граѓанско право и должност на секој граѓанин, поголем дел од младите во фокус групите изјавиле дека из-

легуваат на избори со цел да направат промена во општеството/општината во која живеат и да му дадат шанса на некој кој е способен и има стратегија да ја води општината. Секако како мотив за излегување на избори се појавија и спречувањето на злоупотреба на гласот како и изразувањето на револют и незадоволство од начинот на владеење на партијата на власт.

Значително помал дел од учесниците изјавија дека излегуваат на избори исклучително заради личен интерес како што е најчесто вработувањето. Некои од учесниците изјавија дека чест мотив заради кој луѓето излегуваат на избори во нашата земја е стравот за личната егзистенција и егзистенцијата на семејството заради закани и уцени од страна на одредени политички субјекти.

Незадоволство и разочараност од работата на сите политички партии, непостоење верба дека изборите ќе доведат до промени во земјата бидејќи „сите партии се исти" се двете главни причини за ниската мотивираност на младите за гласање на избори наведени од учесниците во фокус групите.

Некои од учесниците дополнително нагласуваат дека не гласаат за да го избегнат личното разочарување заради повторното давање доверба на некој кој истата најверојатно нема да ја оправда. За дел од учесниците особено демотивирачки влијаат говорот на омраза и негативните предизборни кампањи. Кај учесниците помлади од 20 години, беше забележителна особено ниска заинтересираност за политика, па оттука и за излегување на избори во земјата.

Предмет на дискусија во квалитативното истражување беа и факторите кои влијаат врз донесувањето на одлуката за кого да се гласа на одредени избори. Учесниците беа запрашани да објаснат што е за нив од најголема важност кога бираат за кого да го дадат својот глас. Анализата на одговорите на учесниците ги идентификува следниве 4 детерминирачки фактори во донесувањето на одлуката:

- Верување дека личноста/партијата е способна да направи промена и да ја води државата/општината
- Проценка дека партијата го остварила ветеното и дека дадената довербата е оправдана
- Решеност да се казни партијата на власт заради лошото владеење (гласање „против", наместо гласање „за")

- Постоење на личен интерес (можност за вработување, финансиска придобивка)

Кај политички определените учесници се забележува лојалност кон партијата кон која се наклонети и кај нив нема значајни промени во гласачките навики од еден до друг избор.

Кај дел од неопределените учесници преовладува надежта во промена и вербата дека одреден кандидат/партија е доволно способен да ја направи промената и тоа во најголема мера ги мотивира да излезат и да гласаат за тој кандидат или партија.

За најголем дел од учесниците, предизборните програми не играат значајна улога во одлуката да за кого ќе гласаат.

# Влијанието на КОВИД-19 врз младите

КОВИД-19 пандемијата неминовно донесе големи промени во речиси сите сегменти на животот на луѓето, а особено на младите генерации. На графикот подолу се прикажани оние аспекти од животот кои младите ги издвојуваат како најнегативно погодени од кризата. Речиси четвртина од нив ги посочиле дружењето и врските, 17 % го истакнале културно-забавниот живот, 14 % добросостојбата на семејството, 11 % пријавиле потешкотии во менталното здравје, 10 % го посочиле образованието, 8 % работата и приходите, додека 7 % ја истакнале загрозеноста на физичкото здравје.

**График 50.** Кој аспект од Вашиот живот беше најнегативно погоден од кризата? Повеќе можни одговори




Во однос на влијанието кој пандемијата КОВИД-19 го имала врз работниот статус и приходите, 4 од 10 млади луѓе кои биле во работен однос изјавиле дека во последните 12 месеци немале промена во работниот статус. Вкупно 7 % од младите пријавуваат намалена плата во текот на кризата, додека 5 % ја изгубиле работата за време на кризата. Кај 6 % од младите пандемијата позитивно влијаела на работата или примањата.

**График 51. Дали пандемијата влијаеше на вашата работа или примања?**




Тренд анализата поврзана со влијанието од пандемијата КОВИД-19 врз работниот статус и приходите на испитаниците, покажува поместувања во однос на неколку категории. Најзабележителен е зголемениот обем на одговори дека работната ситуација на испитаниците останала непроменета.

**ТАБЕЛА 13. Дали пандемијата влијаеше на вашата работа или примања? Тренд**

| | 2021 | 2020 |
|---|---|---|
| | % | |
| Ја изгубив работата | 4,7 | 3,3 |
| Бев невработен и се вработив | 3,6 | 1,4 |
| Мојата плата се намали | 7,2 | 8,1 |
| Мојата плата се зголеми | 2,0 | 1,4 |
| Мојата работна ситуација остана непроменета | 41,7 | 38,9 |
| Неприменливо | 37,5 | 44,9 |
| Одбива да одговори | 3,4 | 1,9 |

Запрашани за степенот на задоволство од начинот на кој државните институции се справуваат со кризата, 19,2 % од младите изјавиле дека се делумно или целосно задоволни. Сепак, речиси половина од младите (46 %) не се задоволни од работата на државните институции во справувањето со кризата. Близу третина од анкетираните имаат неутрален став во однос на ова прашање.

**График 52.** Општо земено, колку сте задоволни од начинот на справување со кризата од страна на државните институции?




Вкрстените податоци покажуваат дека најзадоволни од справувањето со кризата од страна на државните институции се вработените во јавниот сектор.

**Графикон 53.** Општо земено, колку сте задоволни од начинот на справување со кризата од страна на државата? Вкрстено со работен статус



Анализата на добиените одговори укажува на песимистички прогнози кај младите во однос на развојот на кризата во иднина. Речиси половина од нив сметаат дека ситуацијата со пандемијата ќе продолжи уште долго, додека речиси една петтина (19,2 %) сметаат дека најлошото допрва доаѓа. Вкупно 22 % од младите имаат попозитивна перцепција и веруваат дека најголем дел од кризата е зад нас.

**Графикон 54. Што од следното е поблиску до Вашето мислење?**




Половина од младите изјавиле дека примиле вакцина против КОВИД-19, додека 47 % од нив го изјавиле спротивното. Околу 3 % одбиле да дадат одговор на ова прашање. Споредбата со официјалните податоци од Министерството за здравство заклучно ноември 2021 година, информираат за 33 % вакцинираност на популацијата 18-39 години, што укажува на можност испитаниците да давале социјално пожелни одговори на ова прашање.

**Графикон 55. Дали примивте вакцина против КОВИД-19?**



Испитаниците кои примиле вакцина против КОВИД-19, се почесто со високо образование, со финансиски примања над просекот, над 30 годишна возраст и жители на урбани места за живеење.

Заштитата на сопственото и здравјето на семејството и блиските, е најважната причина заради која младите одлучиле да ја примат вакцината против КОВИД-19. За речиси четвртина од младите вербата дека вакцините ќе помогнат во КОВИД-19 кризата да заврши и животот да се врати во нормала била доволна мотивација да се вакцинираат. Како останати причини, младите ги навеле: слободата од рестрикции во движењето (8,3 %), слободата за патување во други земји ( 5,6 %) и слобода за дружење и социјализација (5,2 %).

**Графикон 56. Која беше најважната причина поради која примивте вакцина против КОВИД-19? (база 515)**




Четвртина од младите кои не се вакцинирале, истото не го сториле заради убеденоста дека вирусот ќе го прележат без последици. Речиси петтина од младите кои не се вакцинирале, сметаат дека вакцините не се ефикасни, додека 15 % пак сметаат дека истите не се безбедни. На 7 % од младите, родителите не им дозволуваат да ја примат вакцината, додека 17 % изјавиле дека не ја примиле вакцината затоа што го прележале вирусот и имаат антитела.

**Графикон 57.** **Која беше најважната причина поради која НЕ примивте вакцина против КОВИД-19? (база 486)**




Анализата на добиените одговори во однос на изворите на информации за КОВИД-19, покажува дека младите генерално имаат поголема доверба во информациите добиени од Министерството за здравство и од Институтот за јавно здравје, СЗО и Специјализираните веб-портали единствено за информации поврзани со вирусот и пандемијата. Значително е پониска довербата во информациите пласирани во медиумите, особено на социјалните мрежи, како и на информациите пренесени од инфлуенсерите и познатите личности.

**График 58.** **Колку им верувате на следните извори во врска со информациите околу КОВИД-19?**




Во квантитативното истражување, од младите беше побарано да се изјаснат во однос на тоа колку поддржуваат или неодредени искази во однос на пандемијата и мерките во земјата.

Според фреквенцијата на добиените одговори, високи 83 % од младите целосно или донекаде ја поддржуваат наставата со физичко присуство. Две третини од младите (69 %) донекаде или целосно го поддржуваат носењето маски на затворено, додека со ова не се согласуваат околу третина од нив.

Повеќе од половина од младите (55 %) донекаде или целосно се против барањето на потврда за вакцинација при посета на јавен објект, додека 42 % од младите донекаде или целосно го поддржуваат истото.

Речиси две третини од младите (62 %) целосно или донекаде се против задолжителна вакцинација против КОВИД -19, додека истата ја поддржуваат една третина од младите (34 %).

**График 59.** Дали ги поддржувате или се спротивставувате на следните искази?




Младите луѓе кои истакнуваат дека се задоволни од начинот на справување со кризата од страна на државните институции во последните 12 месеци, во поголем број се согласни дека е потребна потврда за вакцинација при посета во јавен објект во споредба со оние кои не се задоволни.

Исто така, оние кои се задоволни од начинот на справување со кризата од страна на државните институции во последните 12 месеци во поголем обем ја поддржуваат мерката за носење на маски на затворено (56 %), наспроти оние кои не се задоволни од начинот на справување и не ја поддржуваат мерката за носење маски (22 %).

Дополнително, се забележува поврзаност помеѓу перцепцијата за грижата на властите за потребите и проблемите на младите луѓе и перцепцијата за способноста на властите поврзана со справување со кризата. Имено, оние кои се целосно или прилично задоволни од тоа како власта се грижи за нив, во поголем обем се делумно или целосно задоволни од начинот на справување до кризата од страна на државните институции во последните 12 месеци.

Перцепцијата за грижата на властите за потребите и проблемите на младите луѓе негативно корелира со подложноста на теории на заговор. Имено, младите луѓе кои сметаат дека властите се грижат за нивните проблеми и потреби во значајно помал дел се подложни на тнр. Теории на заговор.

Поддршка за задолжително вакцинирање против КОВИД-19, во поголем обем даваат испитаниците кои се задоволни од начинот на справување со кризата од страна на државните институции во последните 12 месеци (75 %), наспроти оние незадоволните кои целосно се спротивставуваат на оваа изјава (43 %).

Повеќе од половина од испитаниците (58 %) веруваат дека вирусот е создаден во лабораторија, а не по природен пат, додека 41 % од нив сметаат дека мала група на моќни луѓе ја создале пандемијата за да манипулираат и владеат со светот.

Повеќе од третина од младите (37 %) веруваат дека вирусот е создаден со цел да се намали светската популација, четвртина (24 %)  не се согласуваат со оваа изјава, додека 39 % од младите не знаат како да одговорат на ова прашање.

Нешто повеќе од третина од младите веруваат дека вакцините за КОВИД-19 достапни во нашата земја се со ист квалитет како оние во ЕУ, 28 % од младите не се согласуваат со оваа изјава, додека 34 % не знаеле како да се изјаснат во однос на ова прашање.

Постои мала разлика помеѓу бројот на млади коишто веруваат дека новата технологија на правење на вакцините ќе му наштети на човештвото (24 %) и оние коишто не се согласуваат со ова тврдење (27 %), додека речиси половина (49 %) не знаеле да се изјаснат во однос на ова тврдење.

Дека вакцините предизвикуваат неплодност, веруваат околу 16 % од младите, третина (32 %) не се согласуваат, додека повеќе од половина (52 %) не знаат да се изјаснат во однос на ова тврдење.

Поврзано со сите наведени тврдења, покрај процентот на млади кој верува во нив, секаде е висок и бројот на млади кои не знаат, додека процентот на млади кои го негираат тврдењето одат највисоко до 1/3.

**График 60.** Дали се согласувате со следните изјави (поврзани со пандемијата)?



Дистрибуцијата на одговори покажува дека оние испитаници кои не примиле вакцина против КОВИД-19, во поголем обем се согласни со теоријата дека мала група на моќни луѓе ја создадоа пандемијата за да манипулираат и владеат со светот. Дури една третина од невакцинираните (64 %) веруваат во оваа т.н. теорија на заговор.

**График 61. Дали примивте вакцина против КОВИД-19? Вкрстено со: Верува дека „мала група на моќни луѓе ја создадоа пандемијата за да манипулираат и владеат со светот"**




**НАОДИ ОД ФОКУС ГРУПИ:**

Фокус групите со младите ги потврдуваат главни наоди од квантитативното истражување на оваа тема. Кај младите учесници во фокус групите преовладува генерално чувство на загуба на две години од младоста. Загубата на член од семејството или пошироката фамилија, ограничувањето на социјалниот живот, движењето и забавата, онлајн наставата и појавата на страв и анксиозни состојби се наведуваат како најчести негативни последици од пандемијата. Кај невакцинираните учесници во фокус групите, мерките за вакцинација создаваат незадоволство затоа што предизвикуваат дополнително отежнување на и онака ограниченото движење и социјален живот на младите, а истовремено ги доживуваат како одземање на правото на личен избор кога станува збор за вакцинацијата.

Квалитативното истражување во целост ги потврдува горенаведените причини како најважни во донесувањето на одлуката за примање

на вакцината против КОВИД-19. Учесниците во фокус групите кои изјавиле дека ја примиле вакцината имаат голема доверба во медицината, во мислењето и препораките на докторите и експертите. Истовремено, тие се и селективни во однос на изворите на информации за ефикасноста и безбедноста на вакцините, при што се потпираат исклучиво на релевантни извори како што се стручните лица и реномираните здравствени организации (епидемиолози, пулмозоли, СЗО итн.). Начинот на производство на вакцината се јавува како делумно важен фактор при изборот на видот на вакцината, при што кај некои учесници се забележува избор на традиционална наспроти модерна технологија на производство.

Стравувањето од можните несакани ефекти и нуспојави од вакцината, недоверба во ефикасноста и безбедноста на вакцината заради релативно краткото време на нејзиното производство, како и прележувањето на вирусот и постоењето на доволен број на антитела се издвоија како најважни причини за непримање на вакцината против КОВИД-19 и кај учесниците во фокус групите.

Кај невакцинираните учесници во фокус групите се забележува ниска доверба во здравствените работници заради изразувањето на различни и контрадикторни ставови во врска со вакцината, како и генерално пониска доверба во институциите на државата.

Истовремено, кај најголем дел од невакцинираните учесници се забележува ригиден став во однос на вакцинацијата и изразена верба во информациите кои ги добиваат најчесто од извори како што се прераскажани искуства на други луѓе или форуми на социјалните мрежи. Дел од овие учесници изјавија дека би ја примиле вакцината единствено доколку мораат заради работа и потреба да отпатуваат од земјата.

# Степен на согласност со изјави поврзани со општествено политичката активност, политичките вредности и критичката мисла

Следниот сет на изјави за кои беа прашани испитаниците, се поврзани со општествено политичката активност, политичките вредности и критичката мисла кај младите.

Највисок степен на согласност од страна на испитаниците се забележува кај изјавата дека **на нашата земја ѝ е потребен лидер со цврста рака.** Над половина од испитаниците изразиле потполна согласност, но додавајќи ги и оние кои изразиле делумна согласност, забележуваме 8 од 10 испитаници кои се согласуваат со оваа изјава.

За изјавата **сите партии се исти**, околу половина од испитаниците изразиле согласност доколку ги агрегираме одговорите потполно и донекаде се согласувам. Останатите 40 % не се согласуваат дека сите партии се исти, додека 9 % изразиле неможност да одговорат на ова прашање.

Ставот дека **на ЛГБТ припадниците, не им е местото во политиката** е заеднички за над една третина од испитаниците. Наспроти тоа, половина од младите луѓе не го делат овој став.

Предрасудата дека **мажите се подобри политичари од жените** ја делат 16 % од испитаниците. Наспроти нив, околу 80 % истакнуваат несогласување со оваа изјава.

Околу 14 % од младите луѓе изразуваат согласност дека сепак **политиката е работа на политичарите во која младите не треба да се мешаат**. Останатиот дел од околу 82 % не се согласуваат и токму кај оваа изјава се забележува највисок процент на несогласување.

Висок степен на несогласување испитаниците изразуваат со изјавата **дека на младите им е попаметно своето мислење за политичките случувања да го задржат за себе наместо да го искажат јавно**. Имено, 8 од 10 млади луѓе не се согласуваат со оваа изјава, додека околу 16 % мислењето за политичките случувања сепак би го задржале за себе.

**График 62.** Колку се согласувате или не се согласувате со следните изјави:




**ТАБЕЛА 14.** Согласност со изјави 2020-2021, Тренд %

| | На нашата земја и треба лидер со цврста рака | | Сите партии се исти | | На ЛГБТ луѓето не им е место во политиката | | Мажите се подобри политичари од жените | | Политиката е работа на политичарите во која младите не треба да се мешаат | | На младите им е попаметно своето мислење за политичките случувања да го задржат за себе наместо да го искажат јавно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2020 | 2021 | 2020 | 2021 | 2020 | 2021 | 2020 | 2021 | 2020 | 2021 | 2020 | 2021 |
| | % | | | | | | | | | | | |
| Воопшто не се согласувам | 6 | 6 | 18 | 18 | 25 | 25 | **48** | **54** | 51 | 54 | **47** | **55** |
| Донекаде не се согласувам | 13 | 6 | 25 | 22 | 23 | 26 | 28 | 24 | 31 | 27 | 26 | 23 |
| Донекаде со согласувам | 17 | 28 | 24 | 28 | 16 | 20 | 13 | 12 | 11 | 10 | 14 | 11 |
| Потполно се согласувам | **61** | **54** | **30** | **24** | **24** | **15** | 7 | 3 | 5 | 4 | 9 | 5 |
| Не знае | 4 | 7 | 3 | 9 | 12 | 15 | 4 | 6 | 2 | 4 | 4 | 6 |

**НАОДИ ОД ФОКУС ГРУПИ:**

Во фокус групите учесниците беа прашани кои се најважните особини кои според нив треба да ги има еден добар лидер. Анализата на добиените одговори покажува дека учесниците како најважни особини кај еден лидер највисоко ги рангираат *чесноста* и *искреноста* на личноста, додека веднаш по нив доаѓаат *стручноста, искуството, способноста и одговорноста* да се реализира сето она што им е ветено на граѓаните. Исто така, од добриот лидер тие очекуваат да биде одмерен и претставителен, да биде човек од народот, рамноправен со народот, да има слух за потребите на граѓаните и јасна стратегија и насока во која ќе ја води државата.

Во групните дискусии стана збор и за тоа како учесниците го разбираат поимот *„лидер со цврста рака"*. Кај поголем дел од учесниците преовладуваа позитивни асоцијации за овој тип на лидер и во него тие ги проектираат најголемиот дел од идеалните особини кои ги очекуваат од еден лидер како што се: компетентност, способност, стабилност, цврст став и јасна визија за земјата, лидер кој го сака својот народ, се грижи за него и обезбедува сигурност и стабилност на земјата.

Сепак кај дел од учесниците постоеше спротивставено гледиште. За нив *„лидерот со цврста рака"* е пример за личност со негативни особености како што се: агресивност, насилност, себичност, алчност, водење од сопствен интерес и наметнување на сопствената волја наспроти волјата и потребите на граѓаните.

# Толеранција и перцепции за други групи

Предрасудите кои луѓето ги имаат како стекнати најчесто негативни ставови кон другите луѓе, може да се однесуваат на националноста, религијата, сексуалната определба, политичка определба, раса или некоја друга припадност, обележје или карактеристика.

Во следното прашање испитаниците имаа можност да се изјаснат дали би им пречело доколку соседот е од друга националност, раса, сексуална припадност, политичка партија или бегалец од друга држава. Во однос на сите испитани карактеристики, се забележува одреден број на млади луѓе кои одбиваат да одговорат и да ги споделат своите ставови во однос на припадниците на останати групи, а тој процент е најистакнат за бегалците од друга држава. Токму за припадници на оваа група, младите луѓе имаат најизразен став дека би им пречело да ги имаат за соседи (27 %). Припадниците на ЛГБТ заедницата се следната група кон која младите луѓе изразиле непожелност да ги имаат за соседи (23 %). Околу 15 % од испитаниците изјавуваат дека би им пречело доколку имаат сосед од друга раса. Во однос на припадниците на етничките заедници кои живеат во нашата земја, најистакнати се предрасудите кон припадниците на албанската и ромската етничка заедница (по 14 %).

**График 63. Дали би ви пречело доколку вашиот сосед е:**



Перцепцијата за етничката група/религија/држава на која припаѓаат, во однос на останатите, покажува дека во најголем обем младите луѓе сметаат дека сметаат дека нивната е ниту подобра ниту полоша од другите (66 %/63 %/52 %). Кога младите говорат за својата етничка група, околу една четвртина истакнуваат дека е подобра од другите, а единствено 2 % сметаат дека е полоша од другите. Кога говорат за својата религија, дистрибуцијата е слична, но кога станува за збор за државата во која живеат, 29 % сметаат дека таа е полоша од другите држави. Само 1 од 10 испитаници смета дека нашата држава е подобра од другите држави.

**ТАБЕЛА 15. Перцепција за етничката група/религија/држава на која припаѓаат**

| | Етничка група | Религија | Држава |
|---|---|---|---|
| | | % | |
| Е ниту подобра, ниту полоша од другите | 66 | 63 | 52 |
| Е подобра од другите | 23 | 27 | 10 |
| Е полоша од другите | 2 | 1 | 29 |
| Не знам | 3 | 2 | 3 |
| Одбива да одговори | 6 | 7 | 5 |

Кога предрасудите се присутни кај младите луѓе, тие најчесто се забележуваат за повеќе карактеристики. Имено, оние кои имаат потешкотии да ги прифатат припадниците на ЛГБТ заедницата во поголем дел имаат проблем да имаат и соседи од етникуми различни од нивните.



# ПЕРЦЕПЦИЈА И СТАВОВИ НА МЛАДИТЕ СО СЕНЗОРНА И/ИЛИ МОТОРНА ПОПРЕЧЕНОСТ ЗА СИТУАЦИЈАТА ВО ЗЕМЈАТА

Следниот приказ ги содржи одговорите на испитаниците, млади луѓе со сензорна и/или моторна попреченост кои беа дел од дополнителниот бустер примерок и оние кои беа дел од национално репрезентативниот примерок (вкупно 35 испитаници).

Во сетот што следи се прикажани одговорите на испитаниците со сензорна и/или моторна попреченост на темата за општествените текови во земјата и нивната позиција во општеството.

| 9 % | 20 % | 26 % | 51 % | 46 % |
|---|---|---|---|---|
| СМЕТААТ ДЕКА РАБОТИТЕ ВО ЗЕМЈАТА СЕ ДВИЖАТ ВО ПРАВИЛНА НАСОКА | ВЕРУВААТ ДЕКА ЗА 5 ГОДИНИ ОД ДЕНЕС ДРЖАВАТА ЌЕ БИДЕ МНОГУ ИЛИ ДЕЛУМНО ПОДОБРО МЕСТО ЗА ЖИВЕЕЊЕ НА МЛАДИТЕ | СЕ ЦЕЛОСНО ИЛИ ПРИЛИЧНО ЗАДОВОЛНИ СО СВОЕТО МЕСТО ВО ОПШТЕСТВОТО | СМЕТААТ ДЕКА НАШАТА ЗЕМЈА НИКОГАШ НЕМА ДА СТАНЕ ЧЛЕНКА НА ЕУ | СМЕТААТ ДЕКА НАШАТА ЗЕМЈА Е ПОДАЛЕКУ ОД ЕУ ВО СПОРЕДБА ПРЕД ЕДНА ГОДИНА |
| * 4 процентни поени **помалку** во споредба со општата популација | * 9 процентни поени **помалку** во споредба со општата популација | * 10 процентни поени **помалку** во споредба со општата популација | * 18 процентни поени **повеќе** во споредба со општата популација | * 12 процентни поени **повеќе** во споредба со општата популација |

Во сетот што следи се прикажани одговорите на испитаниците со сензорна и/или моторна попреченост на темата за миграциите, граѓанско учество и доверба во институции.

| 71 % | 43 % | 23 % | 83 % | 60 % |
|---|---|---|---|---|
| РЕТКО ИЛИ НИКОГАШ НЕ ГИ СЛЕДАТ И НЕ СЕ ЗАИНТЕРЕСИРАНИ ЗА ПОЛИТИЧКИТЕ НАСТАНИ И СЛУЧУВАЊА ВО ЗЕМЈАТА | БИ СЕ ИСЕЛИЛЕ ОД ДРЖАВАТА ВО СЛУЧАЈ НА МОЖНОСТ | СМЕТААТ ДЕКА ВЛАСТИТЕ ЦЕЛОСНО ИЛИ ПРИЛИЧНО СЕ ГРИЖАТ ЗА НИВ И НИВНИТЕ ПРОБЛЕМИ | ДОСЕГА НЕ БИЛЕ ВКЛУЧЕНИ ИЛИ КОНСУЛТИРАНИ ОД ИНСТИТУЦИИТЕ ПРИ НОСЕЊЕ НА ОДЛУКИ | НИКОГАШ НЕ ПРЕЗЕМАЛЕ НЕШТО ЗА РЕШАВАЊЕ НА ОДРЕДЕН ОПШТЕСТВЕН ПРОБЛЕМ |
| * 14 процентни поени **повеќе** во споредба со општата популација | * 16 процентни поени **помалку** во споредба со општата популација | * 10 процентни поени повеќе во споредба со општата популација | * 8 процентни поени повеќе во споредба со општата популација | * 17 процентни поени повеќе во споредба со општата популација |

Во последниот сет се прикажани одговорите на испитаниците со сензорна и/или моторна попреченост на темата за избори, доверба во Владата и државните институции и влијанието на КОВИД-19 кризата врз младите.

| 57 % | 72 % | 26 % | 29 % | 6 % |
|---|---|---|---|---|
| СЕКОГАШ ГЛАСААТ | ГЛАСАЛЕ НА ПОСЛЕДНИТЕ ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ | СМЕТААТ ДЕКА ВЛАДАТА ФОРМИРАНА ВО АВГУСТ, 2020 Е ДОВОЛНО ПОСВЕТЕНА НА РЕШАВАЊЕ НА ПРОБЛЕМИТЕ НА МЛАДИТЕ | СЕ ЗАДОВОЛНИ ОД НАЧИНОТ НА СПРАВУВАЊЕ СО КРИЗАТА НА ДРЖАВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ | СМЕТААТ ДЕКА НАЈГОЛЕМ ДЕЛ ОД КРИЗАТА ПРЕДИЗВИКАНА ОД КОВИД-19 Е ЗАД НАС |
| *5 процентни поени **повеќе** во споредба со општата популација | * 7 процентни поени **помалку** во споредба со општата популација | * 8 процентни поени **повеќе** во споредба со општата популација | *10 процентни поени **повеќе** во споредба со општата популација | * 16 процентни поени **помалку** во споредба со општата популација |

Генерално земено, во споредба со останатите млади луѓе, кај овие испитаници се забележува поголем песимизам во однос на правецот на државата и влезот на ЕУ. Дополнително овие млади луѓе имаат поизразено незадоволство со своето место во општеството, помалку следат политички случувања, помалку се консултирани, но и помалку ангажирани. Се забележува помала подготвеност за иселување, но поголема за гласање. Лицата со сензорна и/или моторна попреченост се позадоволни од начинот на кој властите се справуваат со кризата, но сѐ уште сметаат дека кризата предизвикана од КОВИД-19 не е зад нас.



# ПРЕПОРАКИ

# Препораки произлезени од истражување за социо-политичко учество на младите во Северна Македонија спроведено од Фондација за демократија на Вестминстер

## *До национални власти*

- Да се изработи Национална стратегија за млади за претстојниот период, согласно со обврските од Законот за младинско учество и младински политики, која ќе обезбеди цели и правец за политиките за млади.
- Институциите и локалните самоуправи да изработуваат годишен извештај за реализираните политики во интерес на младите како и имплементацијата на Законот за младинско учество и младински политики кој ќе се поднесува до Агенцијата за млади и спорт. Агенцијата да изработува целокупен извештај за млади кој ќе се доставува и до Собранието.
- Да се забрза процесот на спроведување на Законот за младинско учество и младински политики, особено законските обврски како формирањето на локални младински совети и воспоставувањето локални младински центри.
- Да се обезбедат доволно средства за работа на секторот „Млади“ при Агенцијата за млади и спорт, на позначајно ниво.
- Податоците кои се однесуваат на младите (како на пример Регистарот на младински организации) и можат да бидат од нивен интерес, да бидат од јавен карактер, како што е во моментов пракса со листата на службеници за млади.
- Средношколското организирање да биде гарантирано во секое училиште и на национално ниво преку законски одредби.
- Институциите при изборните процеси да се погрижат за соодветно информирање на младите и да се обезбедат податоци за излезноста и учеството на младите на изборите.

## *За Собранието*

- Да се обезбедат механизми за учество на младите и застапеност на интересите на младите во процесите во Собранието.
- Клубот за младински прашања и политики при Собранието, да обезбеди вклучување на младите во дискусиите и работата на пратениците преку средби, консултации, тематски дискусии, теренски посети и други активности.
- Собранието да обезбеди техничка и административна поддршка за работа на Клубот за младински прашања и политики и негова одржливост.
- Клубот за младински прашања и политики во соработка со комисиите во Собранието да врши надзор врз политиките за млади на институциите.
- Собранието да ја разгледа идејата за формирање на Комисија за млади за овозможување јасна одговорност и посветеност за оваа област.

## *За образовните институции*

- Да се обезбеди простор за учество на средношколците во процесите на одлучување во училиштата и при креирањето на националните политики.
- Да се формираат студентски собранија на сите универзитети и факултети, согласно со одредбите во Законот за високо образование.
- Студентските собранија да добиваат поддршка за своето работење во смисла на функционална соработка со администрацијата и високо-образовните институции и соодветни финансии.
- Студентските собранија и средношколските заедници, во соработка со образовните институции, да се грижат за пристапни комуникации, настани и материјали и за младите со попреченост.
- Да се работи на континуирано унапредување на граѓанското образование, вклучувајќи и проверка на учебниците кои се во користење, а опфаќаат концепти на граѓанско образование.
- Обезбедување на функционални модели на интегрирано образование.

### До локалните самоуправи

- Да се обезбеди исполнување на обврските за млади кои произлегуваат од Законот за младинско учество и младински политики, како што се формирањето на локални младински совети, младински центри, локални стратегии за млади и финансии за млади.
- Да работат на решавање на проблемите со кои се соочуваат младите на локално ниво, особено во поглед на култура, младински простори, инфраструктура и други можности.
- Да обезбедат поддршка за училиштата да соработуваат со младински организации, да практикуваат неформално образование, да се спроведуваат практики и други меѓусекторски соработки во интерес на младите.

### За политичките партии

- Политичките партии да воспоставават систем на следење на своите заложби од програмите во поглед на младите и нивното исполнување
- Политичките партии во рамки на својата структура да основаат комисии за млади, преку кои ќе следат, консултираат и утврдуваат позиции за политиките кои им се потребни на младите.
- Политичките партии да обезбедат учество на младински претставници во своите органи, како и поддршка за работа и делување на своите подмладоци.
- Подмладоците на политичките партии да се вклучат во активно застапување за младите преку членство во локалните младински совети.

### За младинските организации

- Младинските организации за го следат спроведувањето на политиките за млади преку мониторинг и извештаи и да се застапуваат за имплементација на политиките за млади.
- Младинските организации да обезбедат знаење и поддршка за имплементација на политиките за млади во соработка со институциите.

- Младинските организации да се заложат за формирање на национално советодавно тело за млади.
- Младинските организации да се грижат да бидат достапни и да вклучуваат млади од различни средини како и млади со попреченост.
- Да се работи на промоција на соживот и интеграција преку соработка на различни групи кај младите
- Да бидат катализатор кој ќе ги извади проблемите на младите на површина и пред институциите, а особено за ранливите групи на млади, како младите со попреченост, младите Роми, младите од рурални средини, со помали економски можности и други маргинализирани групи.

## *Препораки за медиумите*

- Медиумите да обезбедат простор за младинските прашања и проблеми во своите содржини. Медиумите можат да размислат за тематско известување за младите во своите програми.
- Медиумите и само-регулаторните тела да се спротивставaт на продорот на дезинформации, сензационализмот и теориите на заговор.

## *Препораки во врска со пандемијата на КОВИД-19*

- Институциите да работат на едукација и информирање на младите за вакцинацијата.
- Да се обезбедат средства за финансирање на програми за решавање на негативните ефекти од КОВИД-19 кризата.
- Да се работи на истражувања поврзани со ефектите од пандемијата врз добросостојбата, физичкото и менталното здравје и образованието на младите.
- Да се информираат младите навремено и соодветно за прашањата поврзани со пандемијата, за да се превенира продорот на теории на заговор.

# Користена литература


Галевски, М. (2019). Социополитичко учество на младите во Северна Македонија: апатија, оптимизам или разочараност. Скопје: Фондација за демократија на Вестминстер.

Галевски, М. и Ѓорѓиовска, Ј. (2020). Младинско политичко отсуство. Скопје: Фондација за демократија на Вестминстер.

Дамјановски, И. (2022). Анализа на јавното мислење за македонскиот процес на пристапување кон Европската Унија (2014-2021). Скопје: Институт за демократија и Конрад Аденауер Штифтунг.

Ѓорѓиовска, Ј. и Галевски, М. (2020). Социополитичко учество на младите во Северна Македонија: Нееднаквост, неизвесност и различни очекувања. Скопје: Фондација за демократија на Вестминстер.

Ѓорѓиовска, Ј. и Малески, Б. (2022). Одложено младинско учество – Анализа за позицијата на младите на локалните избори 2021. Скопје: Фондација за демократија на Вестминстер.

Еуростат (2018). Број на млади луѓе кои живеат со родители.

КОМС (2021). Алтернативен извештај за позицијата и потребите на младите во Република Србија. Белград: КОМС.

Национален младински совет на Македонија (2021). Извештај од верификација на младинските организации, организациите за млади и младинските чадор организации во Регистарот на форми на младинско организирање на АМС. Скопје: Национален младински совет на Македонија.

Обединети нации (2013). Дефиниција на млади.

Обединети нации (2017). Стареењето на светското население.

Светска банка, (2020). Северна Македонија треба да продолжи со инвестирање во образованието и здравството со цел подобрување на човечкиот капитал во земјата.

Стаменкова-Трајкова, В. (1991). Интереси, вредности и вредносни ориентации на младите.

Топузовска, Лактовиќ, М., Борота Поповска, М., Серафимовска, Е. Цекиќ, А. Старова, Н. (2019). Студија за млади во Северна Македонија 2018/2019. Скопје: Фондација Фридрих Еберт – Скопје, печати bub Bonner Universitats Buchdruckerei

УНИЦЕФ (2020). Спречување на изгубена КОВИД генерација.

Фидановски, К. и Јованова, Е. (2021). Поневидливи во медиумите отколку во политиката. Политичка мисла, 12 (12-2021), стр. 84-96.

Almond, G. and Verba, S. (1963). The Civic Culture. Princeton: Princeton University Press.

Belschner, J. (2021). The adoption of youth quotas after the Arab uprisings. Politics, Groups, and Identities, 9(1).

GLOBSEC (2018). From online battlefield to loss of trust?. Bratislava: GLOBSEC.

Hay, C. (2007). Why we hate politics (Vol. 5). Cambridge: Polity Press.

KNOMAD data base for year 2017.

Norris, P (2002). Democratic Phoenix: Reinventing political activism. Cambridge: Cambridge University Press.

O'Donnell, G. (2010), Democracy, Agency, and the State: Theory with Comparative Intent. Oxford: Oxford University Press.

UNDP (2013). Enhancing Youth Political Participation Throughout the Electoral Cycle. A Good Practice Guide.

Tilly, C. (2007). Democracy. Cambridge: Cambridge University Press.

Zentner, M. (2011) Youth Participation in Policy Making: Findings of a summary analysis of the information templates in participation in the EKCYP. Vienna: European Knowledge Center for Youth Policy.

Funded by
UK Government

Westminster Foundation for
Democracy (WFD)

www.wfd.org/wbdi

